СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 26 декември 1991 година

Скопје, декември 1991 година

**ДИСКУТАНТИ НА 29-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 26.XII.1991 г.**


1. АБДИ ФАИК - 42, 117
2. АЛИУ ЕШТРЕФ - 22 дневен ред стр.13
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 46
4. АНДОВ СТОЈАН – 35 (измена на Уставот- предлог - 51, 79
5. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 64, 123, 126
6. АРСОВ ДРАГИ - 28, 38
7. АРСОВСКИ БРАНКО - 100, 107
8. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР – 24
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 91, 94
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 17, 32
11. ГОШЕВ ТУШЕ - 95
12. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 20
13. ЗЛАТАНОВ ВАНЧО - 112
14. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС - 53
15. ЈУМЕРОВОКА ЃУЛИСТАНА - 71, 113
16. КЕЛЕШОВ РИСТО - 116
17. КЉУСЕВ НИКОЛА - 8, 10
18. КОЛЕВСКИ ПЕРКО - 118, 126, 129
19. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 10, 22, 116
20. КРСТЕВСКИ ЗОРАН – 40, 86
21. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 8
22. МИЛЕНКОВСКИ МАРИН - 83
23. МИНОВ ПАНЧО – 70, 121
24. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 23
25. ПЕТРОВ ТОДОР – 18, 87
26. ПОЛОЖАНИ МЕРСКИМ - 45
27. ПОПОВСКИ КИРО - 43
28. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 198
29. СЕЛМАНИ НАУМ - 47
30. СПИРКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 48
31. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 98, 99, 104, 106, 108, 119, 129
32. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 12, 16, 92, 125
33. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 128
34. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 23
35. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 67
36. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН – 68, 124
37. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 25
38. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО – 7, 11


крај

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 декември 1991 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 14,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димитар Поповски и Шабан Превала ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат повеќе од 2/3 од вкупниот број на пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записникот од Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот? (Нема).

Констатирам дека записникот од Дваесет и четвртата седница е усвоен без забелешки.

За седницата поканети се и присуствуваат: претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Република Македонија д-р Васил Тупурковски, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпувањето на дневниот ред.

Дали се согласувате? (Се согласувате).

Дами и господа пратеници,

Како што ви е познато Владата на Република Македонија поднесе Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија во кој се содржани причините поради кои треба да се пристапи кон измена на Уставот.

Истовремено со Предлогот Владата достави и Текст на амандманите. Предложените измени на Уставот се само уставно- правно потврдување на политиката на Републиката за добрососедски односи и за немање територијални претензии кон соседните земји. Ваквите определби ова Собрание уште од своето конституираше ги декларира и ги вгради во своите акти и документи што ги донесе, а особено во Уставот на Републиката. Измените што сега се предлагаат произлегуваат од Декларацијата за Југославија на Европската заедница и обврската за создавање дополнителни уставни гаранции за меѓународното признавање на Републиката.

Со оглед на ставот на Европската заедница овие гаранции да се дадат до 11 јануари кога ќе заседава Арбитражната комисија на Европската заедница, неопходно е уставните измени да се извршат за кратко време. Поради тоа, предлагам дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија и текстот на Нацртот на амандманите.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака (65.).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).-

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлагам дневниот ред да се дополни со Предлогот на одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1992 година, што Владата на Република Македонија ни го достави на 24 декември 1991 година.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за здравство го разгледа Предлогот на одлуката за стапките и основиците за пресметуваше и плаќање на придонесите за здравствено осигуруваше во Македонија и предлагам Предлогот на одлуката да се разгледа и донесе на оваа седница заради спроведуваше на Законот на здравствената заштита во однос на примената на единствената стапка на придонес за здравствено осигурување од 1 јануари 19 92 година и воведување на нов систем на финансирање на здравствената заштита на целата територија на Република Македонија.

Кој е за Предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (2).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување на закон за државјанство на Република Македонија, бидејќи треба да се извршат дополнителни согледувања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување закон за пренесување на паричните средства на Републиката во депозит на Народната банка на Македонија со оглед на предлозите на работните тела на Собранието за преиспитување на одделни решенија содржани во овој закон.

Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување закон за изменување на Законот за лични доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката со Предлог на закон и Предлогот за донесуваше на закон за изменување на Законот за органите на управата со Предлог на закон, бидејќи треба да се изврши нивна доработка.

Ве известувам дека Комисијата за прашања на изборите и именувањата го повлече Предлогот на одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци “Ранка Милановиќ” Скопје.

Во врска со Иницијативата на Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за формирање парламентарна комисија за заштита на војниците, старешините и цивилните лица на служба во Армијата од Република Македонија кои не сакаат да учествуваат во војната во Хрватска и во другите кризни подрачја во земјата, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана констатира дека нема потреба од формирање на парламентарна комисија со ингеренции кои се предлагаат во Иницијативата, со оглед на тоа што веќе е формиран Комитет за правна заштита на овие лица.

Во однос на организираното прифаќање и сместување како и за нивното соодветно работно ангажирање, Комисијата предлага Собранието да заклучи соодветните министерства и Владата на Република Македонија да се ангажираат и да преземат конкретни мерки. Заради следење на овие состојби и предлагање на соодветни мерки, потребно е Министерството за народна одбрана, Министерството за внатрешни работи и Министерството за правосудство и управа да подготват Информација во која ќе бидат изнесени состојбите во врска со ова прашање како и мерките што се предлагаат за разрешување на овие проблеми како би можела Комисијата како надлежно работно тело на Собранието да биде во тек со настанатите проблеми и да му предлага на Собранието мерки.

Кој е за Предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Ве известувам дека Комисијата за економска политика и развој на Собранието на Република Македонија го разгледа писмено тоа известување доставено од Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта, со кое се укажува на потребата од изготвуваше на законски акти со кои се регулира политиката за побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта како и развојот на ридско- планинските реони и пограничниот појас во Републиката.

Со цел за обезбедување на непречен развој на остварувањето на политиката за побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, како и развојот на ридско- планинските реони пограничниот појас во

Републиката, Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија да ја задолжи Владата на Република Македонија да ги подготви потребните законски акти со кои ќе се обезбеди континуитет во нормативното уредуваше на развојната политика во недоволно развиените подрачја.

Кој е за Предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1).

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Пред почетокот на седницата претседателот на Владата ми упати писмо во кое предлага во дневниот ред на денешната седница да се уврстат повеќе точки од дневниот ред и тоа:

1. Избор на член на Владата и министер за народна од-брана.

2. Избор на член на Владата и министер за образование и физичка култура.

3. Избор на заменик министер за наука.

4. Избор на заменик на министер за здравство.

5. Заменик министер за финансии.

6. Заменик министер за развој.

7. Заменик министер за стопанство.

Претседателот на Владата предлага овие точки да се уврстат на дневниот ред денеска на седницата.

Молам, Собранието да се изјасни.

Има збор пратеникот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека е вообичаено во вакви прилики кога се предлагаат кадровски решенија во врска со Владата, а за кои треба да се изјасни Собранието, претходно да се направи консултација со пратеничките групи.

Во овој случај таа консултација не е направена, барем не со Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз. Доколку некој очекува дека ќе имаме можност во неколку минути да се одлучиме за тоа дали ќе се изјасниме “за“, ”или”, “против” за некој од предложените кандидати, мислам дека на тој начин Парламентот се доведува како и пратениците во една многу незгодна ситуација што ќе мора повторно да бараме пауза, усогласување и т.н.

Сметам дека е прескокнат нормалниот ред на нештата и процедурата во вакви ситуации и мислам дека претседателот на Владата треба да е свесен и за ризикот дека до колку на овој начин ад-хок ги става предлозите на дневен ред може да се случи некој од тие предлози да не помине, и тоа да не поминат не заради тоа што можеби не се согласуваат пратениците, туку заради тоа што едноставно немаме можност дури ни да присобереме информации за луѓето или да се распрашаат за кого и за што се работи. Затоа би сакал уште еднаш да го замолам претседателот на Владата да размисли дали оваа точка треба вака да оди на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор во врска со ова? (Никој).

Тогаш го ставам на гласање предлогот на претседателот на Владата.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Вие сте запознаени дека Владата пред два месеци достави предлог за точка на дневен ред за избор на министрите кои се упразнети. Печатот стално ја критикува Владата зошто не се даваат предлози. Се извршија консултации со сите пратенички групи, за некои партии, јас не ги познавам шефовите на партиите или пратеничките групи, станува збор за министер за народна одбрана кој е познат речиси на сите и министер за образование кој имаше повеќе алтернации и за овој министер се спомнуваше меѓу имињата, бидејќи е таква работата, а вие сега ќе добиете материјали и биографски податоци, да не ги одлагаме овие две упразнети места ние не смогнавме сила за оваа недела да консултираме и за упразнетото место со смртта на министерот за внатрешни работи тоа ќе го напра виме на наредната седница и сакавме еден дел од замениците министри на следната седница да го предложиме министерот за внатрешни работи и останатите заменици. Треба да се добие во тек луѓето да почнат да работат. Но, до колку оценувате дека таа процедура би требало да продолжи за некој од нив, а со сите заменици пратеничките лидери се запознаени со нивните имиња само останува од алтернативите министерот за образование. Не за оној кој стануваше збор како дефинитивен предлогот, туку од алтернациите вие ги имате биографските податоци и за тие личности и јас заради тоа да се пополни тимот на Владата да може да се работи отидовме со ваков предлог.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Предлогот за дополнување на ова кадровско прашаше за избор на министри и заменици јас сум лично против да се стави на дневен ред и бидејќи сум задолжен во рамките ,на Собранието како претседател на

Комисијата за избори и именувања сметам барем евидентно треба да помине преку ова работно тело, а не го земам мандаторството на претседателот на Владата, туку претходно да се запознаеме оти вака сме директно внесени само да гласаме, а не ги знаеме кандидатите.

Јас се интересирав кај претседателот на Собранието дали е дојдена некоја листа во однос на овие избори, но ништо не беше познато и директно ние не ќе можеме да заземеме став. Сметам дека на оваа седница не ќе можеме да расправаме, туку таа листа макар и по азбучен ред нека се достави во рамките на Собранието ние евидентно да видиме минимални податоци по име и презиме со тоа да пред седница излеземе со некои предсознанија оти не се врши избор од пратеничкиот состав па не требаат биографии, но сметам дека на оваа седница не ќе можеме да расправаме.

Прво, да се достави листата на можни кандидати со тоа не го одземам правото на претседателот како овалстен предлагач и единствен, меѓутоа ние на време благовремено да бидеме консултирани за да можеме правилно да дигнеме рака дали ќе ја прифатиме предложената листа.

Со куќниот ред тоа не е директно предвидено, меѓутоа во рамките на Сојузното собрание директно оди оваа листа прво на Комисијата за избори и именувања од сојузниот карактер меѓутоа пак премиерот на Сојузниот извршен совет го дава предлогот. Овде јас сметам по некоја логика треба да дојде прво на Собранието на претходна евиденција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Исправно е претседателот да ни упати писмо мене за да биде нешто на дневен ред и така стои, а друга работа е што во очи на седнциата ми е доставено. Само е тоа спорот.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа.

Со самото тоа што во овој Парламент вонредно е доставено дополнување на дневниот ред и тоа за министерски места во Владата не само што мислам, туку сум длабоко уверен дека со сама та ваква постапка се урива еден добар авторитет на оваа Влада. Држам до тоа секогаш треба многу да се внимава во овој Парламент и оваа Република Македонија. Не може вака ексцесно вака крупно прашање да доаѓа непосредно на дневен ред и да се уфрлува со надгласување и прегласуваше. Тоа е сериозна работа и тоа значи дека се изгубил оној редослед и правилен ред на поднесување и ставање на дневниот ред на оваа седница. Затоа сметам дека ова прашање треба да се одложи и на наредната седница да се запази постапката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Убедливо дека има некои сознанија дека редот не е запазен и јас ќе го повлечам овој предлог. Само да кажам за знаење на Собранието дека сите партиски претставници беа кај мене и беа запознаени и со замениците и со министрите. Единствено што реков министерот за образование имаше повеќе алтернации и стана збор да дадеме друго име. Но бидејќи е оптоварен дневниот ред, дозволете тогаш да одиме на следната седница на Парламентот а до тогаш ќе го добиеме целиот список и на трите министри и на сите заменици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

За да не остане да виси нешто во воздух нејасно уште повеќе што ова го следи и јавноста по пат на средствата за јавно информирање, морам да го кажам следново:

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**: (Продолжение)

Точно е тоа дека на една од претходните седници, незнам точно пред колкав период беше замислено да оди оваа точка со извесни предлози. Точно е дека беа запознаени претставниците на сите парламентарни партии. Меѓутоа, точно е и тоа дека со тие предлози тогаш не се согласија, не се усогласија тие предлози и од тие причини беа повлечени. За да може да се говори за повтор ставање на дневен ред, треба повторни консултации, да видиме дали постои некоја согласност.

Јас можам да го кажам следново, неприкосновено е правот на мандаторот на претседателот на Владата да предлага. Меѓутоа, неприкосновено е правото на овој Парламент и на секој пратеник дали ќе гласа или нема да гласа за Предлогот на Владата. Доколку сакаме институциите на власта во оваа Република, и Владата и Парламентот да работат успешно, во тој случај ќе мора да постои таа комуникација и тие меѓусебни консултации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи претседателот на Владата ги прифаќа укажувањата и на првата наредна седница ќе достави список со образложенија за кадровските решенија во Владата, односно за министри и замениците.

Збор бара господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам да предложам дополнуваше ан дневниот ред, доколку е во состојба, а би требало да биде во состојба денеска Владата да даде извештај за тоа како гувернерот на Народната банка на , Македонија,дал согласност да се пуштат во оптицај, во употреба нови пари со друга содржина од веќе усвоената и да каже каква ќе биде заштитата со овие

нови пари што доаѓаат од Србија со име Југославија на македонското стопанство и македонското домаќинство.

Ова го поставувам да даде информација, не како прашање, да се внесе во дневниот ред извештај на Владата како гувернерот на Народната банка на Македонија дал согласност овие пари кои веќе кога заседавале биле напечатени со содржина Југославија, Белград, каде се брише име Македонија и останува да се применува токму на територијата на оние републики кои Србија ги смета како остаток на Југославија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа што го расправивме до интервенцијата на господин Стојановски на што ќе се вратиме попосле, за денешнава седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за пристапување кон изменуваше на Уставот на Република Македонија,

2. Утврдување на Нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија од I до

3. Предлог за донесуваше закон за преминување на државната граница и за движењето во граничниот појас,

4. Предлог за донесување закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија,

5. Предлог за донесување на закон со кој Републиката ќе и довери вршење на определени работи на општината Крушево,

6. Предлог на одлука за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1992 година,

7. Предлог на одлука за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 декември 1991 година,

8. Предлог на одлука за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 декември година,

9. Предлог на одлука за стапките и основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување во Македонија,

10. Одлука на Уставниот суд на Југославија со која се утврдува дека одредбите на членовите 3,4 и 5 од Законот за исплата на личните доходи во Републиката се во спротивност со Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување,

11. Одлука на Уставниот суд на Југославија со која се утврдува дека одредбите од членовите 1 и 2 од Законот за исплата на личните доходи и другите примања во Републиката се во спротивност со Сојузниот закон за исплата на лични доход

12. Предлог на програма за изменување и дополнување на Програмата за премер и катастар на недвижностите во периодот од 1991 до 1995 година,

13. Информација за активностите што треба да се преземат за подготвување и донесување на закон за грбот, знамето и химната на Република Македонија, и

- Роковник за спроведување на активностите за подготвување и донесување на закон за грбот знамето и химната на Република Македонија,

14. Информација за посетата и разговорите на претседателот на Собранието на Република Македонија во Европскиот парламент и во Советот на Европа,

15. Информација за мрежата на здравствените организации и постелни капацитети,

16. Предлог на одлука за разрешување заменик на јавниот обвинител на Македонија,

17. Предлог на одлуки за разрешување судии на Општинскиот суд во Струмица,

18.Предлог на одлука за разрешување заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство во Тетово,

19. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија;

20. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници,

21. Предлог на одлуки за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органи на управување,

22. Предлог на одлука за избор на членов; на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во РО за производство на филмови “Вардар- Филм” Скопје,

23.  Предлог на одлука за разрешување и именувањее претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев”

Покрај овие предлози на точки за дневен ред, имаме и предлог на пратеникот Томислав Стојановски, во дневниот ред да се уврсти Информацијата на Владата за причините кои го навеле гувернер на НБМ да даде согласност да се изврши замена на парите.

Дали е можно тоа сега да го уврстиме во дневен ред.

Има збор господин Тошевски.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, предлагам по однос на ова прашање да се побара директна информација од гувернерот, да не расправаме тука, бидејќи работата на гувернерот е директно врзана со Собрание1] иако во соработката по тие прашања Владата одржува координација и комуникација по прашањата што се однесуваат на кредитно- монетарната политика и на парите.

Во тој случај би обезбедиле полна координација на соработка и би се дале бараните одговори за да не го расправаме тоа прап н>е надвор од надлежностите на гувернерот, без негово присуство и без негово учество.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Точно е дека физички ќе треба да добиеме одговор од гувернерот на Народната банка на Македонија, што кажал. Меѓутоа, моето прашање е за информација, да видиме каква заштита ќе добиеме со печатењето на новите пари кога има пет пати поголема номинална вредност од постојната илјадарка, сега новонапечатената единица. Сите оние кои се бават со економија знаат дека печатењето на пари со поголема вредност од постојната е толку пати поголема инфлација.

Дали ќе може некој со инфлаторни пари да ни понуди заштита? Јас, на господинот министер немаше да му ставам забелешка ако кажеше дека не е во тек. Меѓутоа, ако Владата и гувернерот се во тек, тогаш ќе мораше да каже.

Ако во овој момент не е подготвен нека се подготви бидејќи оваа точка ќе оди како последна и да слушнеме што е. Ова е Собрание и еднаш мораме да почнеме да говориме за заштита на Македонската држава и македонското стопанство. Немаме повеќе време да чекаме што ќе биде од овој, што ќе биде од оној.

Ова, господа го поставувам од следните причини: овие два дена со овие пари што денеска ги гледаме овде воени кампањоли купуваат девизи низ Скопје. Пратени се офицери и војници. Значи, последниот бастион на нашата заштита, ЈНА сега оди на економско уништуваше. Парламентот мора да заземе став.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара господинот Голубовски.

Расправаме за тоа само дали оваа точка да се уврсти во дневен ред. Образложение дава само предлагачот. Не може да се влегува во материјална расправа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас од своја страна како пратеник барам на дневен ред да се постави не информација, значи и сосема друга барање сакам да формулирам. Него на точка која што ќе треба да заврши со одлука што ќе направи Македонија, односно Собранието баш да се заштити македонското стопанство, со оглед на тоа што повеќе од јасно е кои ќе бидат последиците. И во секој случај да се формулира точката на таков начин да произлезе и лоцирање на одговорноста. Некој мора да одговара тоа што се случува. Словенија не изненади можеби, но недозволиво е во оваа македонска држава еве сега после релативно долго време знаеме што ќе се случи можеше да се погодуваат работите да не бидеме спремни па да отприлика да ни треба

уште месец дена да бидеме технички спремни да излеземе со нешто како механизам може да го заштитува македонското стопанство. Некој мора за ова да одговара, и затоа предлагам и инсистирам на тоа да се постави точка на дневен ред каде што во расправа ќе се проба да се најде решение за ситуацијата, но исто така во склоп на таа точка и конкретно предлагам да се формира истражна комисија која што ќе оцени одговорноста на било која институција што е замешана во ова, јас би рекол и политички и економски скандал што ни се случува на можноста пред да ја добиеме својата држава. Со вакви работи ние во сомневање ја донесуваме нашата зрелост да имаме сопствена држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Тошевски.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Ако не бев јасен со предлогот ние не ја одбивме точката да расправаме по неа. Упативме само на тоа дека прашањето упатено кон Гувернерот и односот на гувернерот и Собранието. Во расправата Владата ќе го изнесе својот став, има свој став, и ќе даде одговор на прашањата што се поставуваат. Ние не влеговме и не влегуваме во материјална расправа додека точката не се констатира и не се внесе во расправа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За да не отвораме материјална расправа по Предлогот што е поднесен од страна на господинот Стојановски, само би предложил, бидејќи е предлагач предметот да биде преформулиран за да го одбегнеме физичкото отсуство на гувернерот на Народната банка на Македонија и точката да гласи “Информација по одлуката на Советот на гувернерите на Народната банка на Југославија”. Образложение, ефекти причини, итн. се ги

образложи претседателот на Владата или надлежните ресорни министри и сметам дека да се премине само на гласање а да материјалната расправа се води по ова. Со оглед на тоа што со уставниот закон за спроведување на Уставот, единствено Собрание на Република Македонија е надлежно да ги овласти соодветни сојузни институции кои и понатаму ќе вршат одделни надлежности на територијата на Република Македонија од својот дел на работа. И во рамките на тоа го предлагам, преформулирам доколку господинот Стојановски тоа го прифати точка информација по одлуката на Советот на гувернерите на Народната банка на Југославија. Ако е во интерес изнесување на податоци кои би требало да бидат од доверлив карактер може да се предложи да и расправата по таа точка и излагањето во одделни сегменти да го имаме на затворена седница.

**ПОПОВСКИ ЉУБОМИР:**

Почитувано претседателство, на некој начин мислам она што сакав јас да го предложам пред пратениците на Собранието го искажа во претходната дискусија господинот Тодор Петров. Впрочем се работеше за формулација на точката на дневниот ред, мислам дека може така да се прифати Информација во врска со најновата одлука на Народната банка на Југославија, можеби да се поврзе со последиците и ова се тоа мислам, али би било добро да се укаже и на евентуални мерки што ќе ги преземе Владата на Република Македонија за заштита на македонското стопанство воопшто на целата Република Македонија, тоа е едно што сакам да укажам и мислам дека согласно член 70 од Уставот на Република Македонија, со двотретинско гласање ние може да се определиме да тој дел од седницата односно по таа точка да биде затворена седница доколку оцени Собранието на Република Македонија.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисија та за стопанство расправајќи во понеделникот по останатите точки од дневниот ред покрена иницијатива по ова прашање и немајќи уште информација што ова сега Народна банка на Југославија го преземе со воведи вашето на новата валута. Но имајќи го во предвид дека со воведувањето на новата национална валута во Хрватска последиците се неминовни и затоа покрена во писмена форма Иницијатива да Владата на денешната седница ни поднесе свои гледања на тогаш само за воведување на национална валута во Хрватска и последиците од неа и мерките за заштита на стопанството на Република Македонија од таквиот чин. Така да ова што сега претходно беше предлагано е во писмено преку претседателот на Собранието во име на Комисијата за стопанство веќе доставено до Владата. Ако некој застој има во оваа процедура околу предавањето на Владата јас би сакал да се тука искаже но во секој случај треба на денешната седница да ние расправаме по ова прашање по однос, посебно Владата не информира за мерките кои што ќе ги преземи за заштита на стопанството на Република Македонија, по однос на веќе упади на сите републики, а сега гледаме веќе и со издавање на една новчана парична единица која што и за мене лично е изненадување и начинот на прифаќањето и самиот чин на оптек на таквата парична единица сега во Република Македонија. Сметам дека треба да се постави прашањето на дневен ред и по истото да бидеме информирани и да учествуваме во расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро овде има повеќе предлози исти.

Молам, кој е за оваа точка биде на дневен ред нека крене рака?

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Информацијата по Одлуката на Советот на гувернерите на Народната банка на Југославија ја уврстиме како 24 точка на дневен ред.

Има збор господинот Ешреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Сакам да бидам информиран бидејќи на претходната седница одлучивме Законот за лично име да остане за наредна седница, дами се даде еден одговор зошто не е ставен на денешната седница на расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште не сме добиле таков закон од Владата сега, значи тие уште не ги расчистиле прашањата што требаше да се расчистат. Јас би молел да му се даде информација на г-динот Ешреф Алиу. Имено, ја одложивме расправата по Законот за личното име. Беше речено тоа да биде разгледано на наредната седница. Еве ја наредната седница, па г-динот Алиу прашува дали ќе биде наскоро доставен законот. Затоа, Владата нека присобере информации зошто не е сега ставен, на првата наредна седница или на првите седници нека биде веќе тој закон, нека се разјаснат оние дилеми кои беа, па Владата нека го достави.

Дали може така да заклучиме? (Да)

Молам, кој бара друг збор?

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, од информативните гласила бев принуден да дознам една информација околу присуството на г-динот Киро Поповски во Белград во Сојузното Собрание, а овој Парламент има 11 легитимни претставници кои се разбира со ваш благослов досега а и на последната седница не присуствувавме, во координација со нашиот шеф на групата Петар Гошев нормално не присуствуваме и не знаеме воопшто како се одвиваат тие разговори и преговори во Белград. Доколку тие разговори

се водени во Белград со посредство на овој Парламент или со посредство на Претседателството, барам во дневниот ред да влезе една точка Информација за разговорите и преговорите во Белград и кој го овластил Киро Поповски да присуствува во Белград, затоа што ние сме ваши легитимни претставници кои треба да присуствуваме таму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали треба да биде точка на дневен ред или да се даде информација?

(Некои од пратениците извикуваат да биде точка, а некои извикуваат да биде информација).

Добро, кој е за овој предлог тоа да биде точка на дневен ред, молам да крене рака (59 пратеници).

Значи, ја ставаме и оваа точка на дневен ред.

Дали уште некој бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Друштвото “Достоинство” на македонците дискриминирани од страна на Република Грција достави до нашето Собрание, како и до Владата уште летоска во месец август едно обраќање и бараше да се одговори во врска со слабата застапеност во медиумите и ред други проблеми со кои се сретнува во неговото работењето. Со оглед на тоа што како Друштво не сме добиле никаков одговор ниту од Собранието ниту од Владата, предлагам да ни се даде една Информација на нашите барања или доколку не ни се даде таква Информација, предлагам на наредната седница да се стават на дневен ред сите барања што беа изнесени во обраќањето на “Достоинство” до Парламентот и до Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тие барања беа доставени до сите пратеници. Што стасало овде е поделено на пратениците, само не ставено на дневен ред на Собранието, заради тоа што никој не го предложил од надлежните предлагачи да дојде на дневен ред на Собранието. Инаку, пратениците се информирани за тоа. Секој овластен предлагач тоа може да го стори за една од наредните седници.

Дали некој друг бара збор?

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Бидејќи претходно со гласање ја утврдивме точката на дневен ред, тоа е точката 9, по однос на Одлуката за стапките и основицата на придонесите и плаќање на придонесите за здравствено осигурување, предлагам од Комисијата за стопанство, точката да се разгледа меѓу последните точки, а не во редоследот како што е предложено како точка 9, од причина што Комисијата за стопанство не можеше да се произнесе по Одлуката, а немаше и овластувања да предложи точката да не биде ставена на дневен ред. Се очекуваше од Комисијата за здравство како матична комисија да се произнесе дали точката ќе биде ставена на дневен ред или не. Бидејќи ние гласавме да се стави на дневен ред, сметам дека треба да се даде простор Комисијата за стопанство уште еднаш да ја разгледа односната одлука бидејќи има најавено и поднесување амандмани по истата. Затоа предлагам да биде меѓу последните точки од дневниот ред за да можат амандманите во писмена форма бидат поднесени по истата точка. Сметам дека би требало да се уважи ова наше барање, бидејќи имаме одредени амандмани што треба претходно и во писмена форма да се направат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам ова да се прифати затоа што не ќе имаме Извештај на Комисијата ако биде по овој редослед.

Дали има други предлози? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (97 пратеници).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Преминуваме на **првата точка** - Предлог за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија.

Владата на Република Македонија во смисла на член 130 од Уставот на Република Македонија поднесе предлог за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на Владата на Република Македонија и извештаите на работните тела на Собранието Ви се поделени.

Образложение по Предлогот за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија ќе поднесе претставникот на Владата Љубомир Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, уставно по коректно е уставните амандмани прифатени од Комисијата за уставни прашања да ги образложи претседателот на Комисијата, но во секој случај тоа сега не е важно. Предлагачот односно иницијаторот на овие амандмани е Владата и во името на Владата јас ќе се обидам да ја лоцирам потребата од ваква брза уставна интервенција, која Владата во рамките на своите овластувања и контакти со Европската заедница и со другите земји со кои имаше контакти во процесите на признавањето на Република Македонија ја оцени заклучи

дека е потребна ваква итна амандманска интервенција на Уставот на Република Македонија.

Имено, прифаќајќи ја Декларацијата за Југославија на Европската заедница, ова Собрание се обврза да внесе и заклучи дека ги исполнува условите барани во таа Декларација, но се обврза и да внесе ако е потребно дополнителни уставни гаранции како би сите евентуални пречки за признавањето во процесот на признавањето на Република Македонија да бидат отстранети. Во таа смисла по направениот увид и анализа дополнителна на овие услови и други барања како и Уставот на Република Македонија, Владата заклучи во принцип дека Уставот како и претходните документи кои му претходеа во основа ги задоволува сите барани услови и други барања, но сепак за да се надминат можните тешкотии и недоразбирања во процесот на признавањето заклучи дека е потребно да се амандмандира Уставот во два члена. Приложени Ви се амандмани во член 3 и член 49. Имено, се однесува за нагласување на некои општоприфатени правила од меѓународното право кои инаку целосно се дадени во членот 8, алинеја 11, на Уставот, во кој генерално единствено на едно место се дадени во ниво на вредност, основна вредност на Уставот на Република Македонија, дадени се општоприфатените правила, почитување на општоприфатените правила на меѓународното право. Но, во секој случај во членот 3 кој се однесува на границите на Република Македонија, неделивост на нејзината територија и во членот 49 кој се однесува на грижата на Република Македонија за своето малцинство во соседните земји, Владата смета дека е потребно да се нагласат посебно две од тие општоприфатени правила на меѓународното право. Дадени се во облик на амандмани со дополнително причестување на расправата на Уставната комисија. Првиот се однесува на принципот на немешање односно немање територијални претензии кон соседните земји, јас нема прецизно да ги

читам, тие се дадени во текстот, ќе го опишам нивното значење. Во последниот пасос како последен став се дополнува Амандман кој се однесува на принципот на доброволност и согласност со општоприфатените норми, начинот на разговор односно ставање во процедура на евентуалната доброволна промена на границите односно промената на границите воопшто како принцип од европското право.

Во членот 49 амандманот се однесува на општо- повторно еден прифатен принцип во меѓународното право, а тоа е немешање во внатрешните работи на други земји. Овде се нагласува повторно тоа како облик на еден амандман и со тоа Владата смета, а Комисијата за уставни прашања тоа го потврди, прифаќајќи го како уставна иницијатива дека ќе бидат конечно отстранети сите можни пречки и недоразбирања во врска со процесот на признавање на Република Македонија.

Инаку уставните амандмани немаат никаква нова содржинска тежина односно нов содржински елемент во Уставот, практично тоа Уставот го содржи но, на овој начин со овие нагласоци сметаме дека ќе се отстранат можните недоразбирања во овој процес на признавање.

Го изразувам неподеленото мислење на Владата а и на Комисијата за уставни прашања дека овие амандмани треба да бидат прифатени и со тоа да се отстранат сите можни коментари и евентуални недоразбирања во овој процес на признаваше на Република Македонија што е секако за нас императив од прв вид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можеме да подразбереме дека ова образложение се однесува и за втората точка и за текстот на амандманите не само за предлогот за пристапување кон измена. Така ли е г-дине Фрчковски? (Да)

Инаку, само предлагачот може да даде образложение, а не Комисијата за уставни прашања која според Уставот сега не може да биде предлагач.

Отворам претрес по Предлогот за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе,. почитувани дами и господа, во однос на образложението што го даде овде претставникот на Владата по Предлогот за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија и текстот на Нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија, ги респектирам сите причини и мотиви што како образложение ги наведува Владата. Тоа е прифаќање на Декларацијата за Југославија на Европската заедница со која Република Македонија се обврзува да создаде дополнителни гаранции. Меѓутоа, дали како причина за менување на Уставот на Република Македонија може да бидат само некои претпоставки, како што овде се наведува односно како причина што можат да создадат тешкотии и недоразбирања во процесот на признавањето. Ако станува збор дека со овие амандмани само се нагласуваат некои веќе општоприфатени норми на меѓународното право односно некои меѓународни норми, тогаш станува збор дека тие меѓународни норми се обврзувачки за сите држави, па според тоа и за Република Македонија, како и за соседите и за сите други држави, па од тие причини за мене не прифатливо е за таквите принципи како што е принципот на доброволност, што произлегува од тие како што реков меѓународни норми што се задолжителни за сите земји{, ние да ги внесуваме во овој Устав со предложените амандмани.

Исто така, за мене, е неприфатливо и веќе еднаш обезбедената уставна гаранција за водењето на грижа за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји, затоа што таа грижа Република Македонија која со Уставот се конституира како суверена држава, сметам дека е една од матичните држави која таа обврска ја има како една уставна обврска и како таква не може да се откаже од таквата грижа. Не само што таа е прифатена со Уставот и од ова Собрание туку исто така е и поддржана во јавната дискусија на македонскиот народ и граѓаните што живеат во Република Македонија односно од субјектите што учествуваа во таа јавна дискусија. Ова уште еднаш покажува дека еднаш веќе утврдените уставни членови ние се доведуваме еве во ситуација повторно тие уставни членови за кратко време и за краток период повторно да ги менуваме, иако веќе се составен дел на Уставот.

**ДРАГИ АРСОВ**: (продолжение)

Детално сакам овде да потенцирам и да нагласам дека ние го прифаќаме предлогот за пристапување на измени на Уставот и текстот на нацртот на амандманите,и не сакаме да бидеме погрешно разбрани дека ние на некој начин еве со неизразување или со вакви едни забелешки сакаме да предизвикаме некој дополнителни пречки за меѓународното признавање на Република Македонија, туку напротив ние секогаш се залагавме и се залагаме да се создадат уште поповолни услови за меѓународното признавање на Македонија и од тие причини ние не би сакале да ни се овде едноставно залепат некој етикети, еве дека ние сме на некој начин ги отфрламе таквите предлози што се од општ интерес на нашата Република. Меѓутоа, овде сакам уште еднаш да нагласам дека ние и натаму инсистираме за меѓународното признавање на Македонија да биде независно од новиот македонски Устав. Ние неколку пати нагласувавме и баравме дека Република Македонија својот суверенитет треба да го гради преку пакетот закони кои што произлегуваат од сувереноста, кои што произлегуваат и од референдумот итн. На тој начин со тие пакет закони со кои што треба да ги преземеме сите надлежности и сите овластувања од поранешната СФРЈ, сигурно дека ќе создадеме поповолни услови за меѓународното признавање на Република Македонија. Во таа смисла овде сакам само да Ве потсетам дека Република Македонија, односно ова Собрание сеуште од Владата и од претставниците на највисоката државна политичка власт не е информирана за тоа до каде се овие договорите, преговорите за меѓусебното признавање на Република Македонија и Република Словенија. Ние вчера на Уставната комисија, непосредно дознавме дека Владата има некакви контакти со Словенија,

меѓутоа, овде ја повикувам Владата, односно нејзин претставник да го информира ова Собрание и македонската јавност, до каде е таа иницијатива предложен од претседателот на Република Словенија, за меѓусебното признавање на Република Македонија и Република Словенија, а исто така дали воопшто е покрената таа иницијатива за признавањето на Република Хрватска. Со тоа да обезбедиме услови за признавање на Република Македонија од Република Хрватска.

Оваа потреба ја чувствувам од причина што ако дојде до признавањето внатре во рамките на Југославија, тоа сигурно е една многу силна аргументација и една основа, која што само ќе придонесе и ќе ни овозможи да се забрза тој процес за меѓународното признавање на Македонија.

Мислам дека овде заслужува внимание да се нагласи дека промената на Уставот , да се прави за период само од еден месец го сметам како крајно девалвираше на овој највисок законски акт. И од тие причини сметам дека требаше да се размислат и другите начини да се обезбедат овие гаранции за меѓународното признавање, односно овие услуги што беа потребни во таа насока. Јас и овде сметам дека требаше Владата да го размисли и да ни предложи дека тие услови можат да се обезбедат и по пат на еден декларативен акт дали и на тој начин не ќе можевме ние она што од нас се бараше, да го обезбедиме. Затоа што со ваквото девалвирање на Уставот што го сметам за непотребно, дали нема да не доведе во ситуација да во наредниот период, ако Европската заедница го промени својот политички став во однос на Македонија, да таа не постави дополнителни услови, па да се доведеме во ситуација по еден месец, или за еден уште пократок период повторно да го менуваме Уставот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Веднаш да кажам дека ќе гласам за прифаќање на двата амандман, заради тоа што навистина во оваа изнудена ситуација секоја манифестација на друго гледаше може да се сфати погрешно, а w да предизвика такви импликации во меѓународната јавност, посебно кај соседите кои што со внимание ги следат овие процеси што претходат на меѓународното признавање на Република Македонија. Но, не може а да не се јавам да реагирам на веќе подолго време практиката што се спроведува по политички метод на свршен чин.

Не е во ред ни, пратениците, за вакви иницијативи да дознаваме преку средствата за јавно информирање и не е во ред да ни се оневозможува демократски и без опасност тоа штетно да завршува по македонските интереси да водиме расправа и да градиме став во македонското Собрание.

Сметам дека е наивен мотивот ако мислиме дека со тоа ќе ја импресионираме западноевропската јавност. Како да таа да не знае да прави разлика во суштината w формата. Ако на нас ни е јасно дека не се работи за никакви отстапки практично, и непотребни додавања на текстот кои што правните механизми во меѓународното право и на друг начин го регулираат без потреба ние овде да даваме дополнителни гаранции, бидете уверени дека тоа во најмала мера може смешно само да звучи кај оние што ги интересира што се случува кај нас.

Истовремено ќе предизвикува постојан интерес на сомневање, би рекол, дали ние навистина направивме максимални отстапки и до каде ни е границата на отстапување. До каде е државното достоинство на оваа држава што сакаме да ја градиме? Дали и до каде се тие граници? Да се поставува прашањето нас ни треба држава или протекторат.

Затоа од тие причини ова нека биде само еден апел индивидуален, во свое име зборувам не во име на својата партија, бидејќи такви консултации немаме направено. Да ги замолам сите институции на македонската власт да се држат до своите уставни овластувања и овој Парламент конечно да добие можност да работи на начин кој што навистина ќе ги штити македонските интереси.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?(не бара).

Јас би кажал неколку збора.

Денес македонскиот Парламент расправа по првата и втората точка за проблематика која инаку политички е врзана за процесот на признавање, меѓународното признавање на Македонија. Мислам дека секој пратеник без оглед на која пратеничка група припаѓа од која партија, чија кандидациона листа потекнува по ова прашање, по прашањето на меѓународното признавање на Република Македонија, има иста одговорност пред народот, граѓаните, пред судбината на оваа држава и има, исто така, исто право да го даде својот придонес максимално во согласност со сопствените сили да се создадат услови или да се отстранат можните пречки за да се олесни процесот на меѓународното признавање.

Ние сме сега во очи на многу важни датуми. На 15 јануари завршува периодот до кога треба да се прибават сите докази и да се дадат сите објаснувања за да се донесе политичка одлука од страна на надлежните органи во Европската Заедница, а потоа следува постапката на признавање, која индивидуално и припаѓа на секоја држава поединечно. Ние кога сега настојуваме да ги отстраниме пречките кои можат како приговор во процесот на признавање да ни бидат отежнувачка околност ние создаваме и клима и додатни аргументи и кај секоја поединечна држава до

колку и ние очекуваме да биде донесена позитивна политичка одлука од Европската заедница, да не се размислува премногу, да не одолговлекува со постапката на меѓународното признавање на Македонија и да пристапам првовремено на меѓусебно договор, контакти и преговори за разрешување на ова прашање и за постигнување на признаваше на Републиката за воспоставување на дипломатски односи, засновање дипломатски претставништва итн. Оттаму, ако навистина сериозно размислуваме за тоа дека треба да се бориме за меѓународно признаваше на Републиката и тоа искрено го чиниме без оглед на тоа на која пратеничка група и припажаме и на која Партија и припаѓаме, тогаш во овој момент ќе имаме толку сила и толку доблест да по ова прашање ќе избегнеме да не гледаме патем некој поен да стекнеме туку да работиме на основната тема и на основната задача.

Оваа расправа овде останува во умот на луѓето. Искажаните нешта дека нешто може и инаку да се направи, а не вака итн. инт. оставаат впечаток кај луѓето. Некои можеби нешто ќе поверува дека е тоа така, но ние тие работи треба денес да си ги разјасниме и да си ги расправиме.

Јас ќе се осврнам малку само на неколку околности кои по искажувањето на господинот Арсов не му даваат да биде убеден дека мораме вака да постапиме иако тој изрази мислење дека ќе гласа за амандманите. Така јас го разбрав. Но, ние овде треба да бидеме истовремено и убедени, не само механички да дигнеме рака, туку да бидеме убедени навистина дека го правиме најдоброто. И дека не пропуштаме нешто што е подобро, а ете не го правиме тоа. Туку тоа подобро да се знае што се вика дека е подобро, не е подобро, и затоа не го правиме. Го правиме ова што навистина е најдобро во овој момент. Инаку треба да седнеме да се убедуваме додека во тоа не се убедиме.

За првиот амандман, за кои зборуваше господинот Арсов дека ако се тоа општо прифатени норми, тогаш зошто ние го пишуваме овде и зошто допишуваме амандмани. Ако се тоа општо прифатени норми, тогаш македонската држава ќе ги спроведува и готова работа. Но, македонската држава не е призната. Да е она призната и да е потписник на тие меѓународни норми, на тие конвенции и пактови, никој нема нејзе тоа прашање да и го постави. Токму заради тоа што она не е призната и бара да биде призната, а да и се достапни сите тие меѓународни конвенции, она ги прифаќа, ние овде ги прифаќаме тие конвенции, меѓутоа нашето прифаќање се смета интерно, наше, овде, а нема меѓународна сила, не сме уште признати. За да бидеме признати Европската заедница побара да дадеме уставни гаранции, не да дадеме Декларација. Ние Декларација дадовме на 17 септември, дами и господо. Сите овие работи ги потврдивме на 17 септември, веднаш после референдумот. Но, од нас се бараат сега уставни гаранции.

Не можам да разберам дали ние навистина мислиме дека така треба и дали навистина постои таа можност за меѓународно признавање да се бориме без врска со нашиот нов Устав, како што господинот Арсов рече. Јас ја знам неговата теза. Тоа е негово мислење. Во ред е. Но, на јавноста да и биде јасно малку.

Од нас не се бара кој закони ќе ги донесеме без Устав, туку уставна гаранција. Треба да кажеме дека можеби има кај нас размислување и на друг начин можеби можело, меѓутоа, сега после Декларацијата за Југославија, очигледно тоа не е можно. Од нас се бара уставна гаранција. Затоа е добро што донесовме нов устав и ништо жалосно не е тоа што сега ќе го измениме со овие два амандмани, затоа што и тие што сега овде имаат можеби и поинакво мислеше, барем го искажуваат тоа мислење, длабоко се убедени навистина дека и амандманите остануваат на

основното стојалиште на Република Македонија. Република Македонија, навистина, немала територијални претензии и немала намера да се меша во внатрешните работи на соседните земји. И ние сега не се откажуваме од некои наши намеравани претензии и намеравано мешање. Ние го немаме тоа само го појаснуваме на сите оние кои што треба да биде користено во докажувањето на нашиот став , да биде понеспорно, да биде појасно, да биде посигурно.

Оттаму јас си го искажувам моето мислење овде дека веројатно ние се наоѓаме пред една огромна одговорност. Ние можеме да ја осомничиме Владата дека неправилно проценила. Можеби не требало со Устав со измени на Устав, туку со некоја Декларација тоа да се поднесе. Владата добро проучила кои се декларации ги донесовме и кога, и какви се тие декларации и што сме гарантирале. Ги проучила, заради тоа што после нашите Декларации е допишана оваа одредба во актот, во Декларацијата на Европската Заедница за Југославија. Затоа мислам дека Владата правилно проценила. И овој пат мислам дека треба да искажавме нужно уважување на нејзиното стојалиште и нејзините предлози.

Јас не би се ни јавил овде да зборувам да не сум убеден дека нашата јавност овде, но не само нашата јавност меѓународна јавност многу внимателно прати, нас не следи овде како разговараме. Дали околу овие суштински прашања имало навистина некои задни намери кај нас, па сега со доразјаснувањето тие се затвораат како можност, или ние навистина, искрено и без такви задни намери сме биле и кога сме го донесувале Уставот. Во таков случај ние немаме што да спориме овде амандманите сосема јасно би ги прифатиле. Затоа велам ние сега кога ги наведуваме

аргументите овде, кога ги наведуваме мислењата, стојалиштата во основа треба да бидеме раководени од она што, претпоставувам на секого му е основна определба да се придонесе до разјаснување на нашите ставови , а со тоа да се придонесе и да се олесни постапката за меѓународно признавање на Република Македонија

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас ги разбирам побудите на господинот претседател Андов, зошто се јави после моето излагање овде. Дотолку повеќе што тие негови побуди се поврзани бидејќи тој овде се огради од партиската припадност меѓутоа јас неговата личност ќе ја поврзам со неговата партиска припадност, затоа што тој никогаш не најде во овој Парламент и покрај тоа што на партијата на која и припаѓа тој сите знаеме како заврши, посебно по оставката на сојузниот премиер господинот Анте Марковиќ. Тоа само го нагласувам затоа што често пати тој си дозволува да упатува одредени забелешки користејќи го претседателскиот микрофон на една партија и на друга и често пати да се служи со одделни етикетирања кои не секогаш овозможуваше да се врати со иста мерка.

Сега ќе се задржам на она што тој го кажа во своето излагање. Зошто јас кога зборував во врска со предложената точка, односно по предлогот за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија и текстот на нацртот на амандманите на Уставот на Републиката и зошто по однос на содржината на овие амандмански измени го изнесов своето мислење и зошто некои ставови на господинот Андов за мене се неприфатливи. Јас и натаму ќе потсетам дека токму овде Собранието на Република Македонија веднаш по усвојувањето на Уставот на Република Македонија ја задолжи Владата, а тоа беше и наша основна определба и определба на целата македонска јавност која ја изрази преку јавната дискусија во периодот по донесувањето на Уставот Собранието перманентно да заседава и во текот на овој период кој што измина од донесувањето на Уставот до денеска ние имавме доволно простор и време

ако имавме перманентно заседание на Собранието да ги донесеме сите државно правни акти кои што произлегуваа од Уставот, вклучувајќи го тука и Законот за знамето и грбот, вклучувајќи го тука пакет законот за народната одбрана и безбедност, вклучувајќи ги тука и оние закони што произлегуваат, што се сврзани со монетарната политика, односно ние на тој план ништо не направивме за да ги превземеме надлежностите од сојузно ниво, односно републиката на тој план не обезбеди за овој период со ниеден акт кој што произлегува од сувереноста на Република Македонија и на тој начин со конституирањето на Македонија врз основа на тие државно правни акти што произлегуваат од Уставот ние ќе создадеме сигурно многу посигурно гаранции и многу поуверителни услови за меѓународното признаваше што сега ни е потребно и за кое сега чукаме на вратата на европската заедница. Сакам само да потсетам дека тој процес во другите република кои што го побараа и кои што веќе се на прагот на меѓународното признавање со донесувањето на Уставот веднаш пристапија токму со постојаното заседание на Собранието и ги обезбедија со усвојувањето на државно-правните акти токму тие услови кои што ги бара и кои што ги респектира Европската заедница. И затоа тие се не само чекор подалеку, туку за нив во прашање е само часот за нивното меѓународно признавање.

Уште еден момент кој што сакам да го нагласам. Територијалните претензии на Македонија во една ваква ситуација, во ситуација кога не ги презела надлежностите во сферата на Народната одбрана и не може да ја гарантира, не може да го гарантира тој услов затоа што не е ниту во состојба ако во Македонија постои една војска која што е надвор од контролата на Македонија. Ние не можеме во едни такви услови и да ја обезбедиме таа гаранција, односно и не можеме ние во полна смисла на

зборот да обезбедиме со некој формален акт дека ќе се спречат некакви претензии. Затоа што таа надлежност во сферата на народната одбрана не е превземена од страна на Република Македонија. Исто така, не сакам да ве потсетувам дека еден од условите за меѓународното признавање на Републиките, односно на овие држави што го бараат тоа меѓународно признавање е гарантирањето на границите. Тој услов исто така е значаен и ако тој услов веќе за другите републики што го бараат тоа меѓународно признавање се истакнува како една од главните причини дека тие се во состојба да ја гарантираат безбедноста на границите, ние со една таква позиција во ваква ситуација кога не сме ја презеле надлежноста во сферата на народната одбрана и не можеме да ја обезбедиме. Сигурно дека со овие укажувања не сакам да бидам погрешно разбран дека со овие амандмани доколку тие се услов за меѓународното признавање не треба ние да ги прифатиме и сигурно дека тие ако за нашата Република ги обезбедат тие услови за меѓународното признавање, ние ќе гласаме и сите заеднички ќе се придружиме кон тоа меѓународно признавање што треба да го добие нашата Република.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Логиката на оваа точка, разгледувањето беше да се согледа предлогот за измена на Уставот на Република Македонија што го поднесува Владата во контекст на критериумите и декларацијата во Брисел за Југославија. Сето ова што во добар дел господинот Арсов го искажа на одреден начин во конотација на политички оценки за улогата на нашата партија, на нашиот претседател итн., мислам дека прво не држат и се само израз на една фрустрација и комплекс во однос на политичката карта на Македонија. Меѓутоа, нешто друго очигледно има потреба да се преоцени во едно вакво искажување во кое покрај тоа што ни се познати односите на

политичките групи овде во Парламентот по основните документи почнувајќи од декларацијата за сувереност на Македонија се до изгласувањето на Уставот во кое сигурно Реформските сили Либерална партија ниту во еден момент не покажале подвоеност, или во искажувањето, или во гласањето, дури се иницијатори на повеќе од тие документи. Мислам дека повеќе од нешто што господинот Арсов овде се обиде да даде неточни елементи кои всушност одат на штета на презентацијата на Македонија за нејзиното меѓународно признавање.

Три се основни услови во меѓународното право од кои се поаѓа при признавање на државите. Него овде не може да се навикне дека ние веќе сме суверена држава која сега бара и меѓународно признаваше и ги исполнува пред се основните критериуми да има население, територија, и власт која ја контролира таа територија. Овие дополнителни критериуми и во оваа декларација од Брисел која пред се се однесува на давање поголеми гаранции пред се уставни, па и политички дека ние сме спремни и организирани да развиваме едно демократско општество и во тие односи да стапуваме во комуникации со другите држави се само во интерес на Македонија и македонската демократија која од повеќепартиските избори наваму се трудиме, јас се надевам и во добар дел успешно низ документите да ја изразиме И од тука овој предлог за измена на Уставот. Од една страна е добре дојден да видиме дека Уставот и уставната материја не е фетиш и дека не можат да се прават вечни документи, а од друга страна иако без своја вина Македонија мора својата така да кажам чесност постојано да ја докажува од проста причина што европската заедница и светот на југословенските лидери не им веруваат. 14 мировни договори се потпишани, ниеден не се исполни. Затоа мислам дека навистина е

неопходно не како израз на недоверба, или пак на само преиспитување. Да потсетам дека дел од овие амандмани беа така да кажам во Нацрт уставот, па да не потсетувам на чија иницијатива и тоа отпадна заради создавање што е можно поголеми предуслови за меѓународно признавање на Македонија да ги прифатиме на начин како што се предвидени во документот. Ако не ја заокружиме меѓународната сувереност на Македонија, меѓународното признавање на Македонија сите други проекти за внатрешно организирање и преструктуираше ќе паднат во вода.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувано дами и господа. Јас се јавив заради тоа што слушам работи кои што не одговара да се зборуваат денеска од оваа говорница. Наиме, може ли еднаш да се изостави една голема грешка што стално се прави овде, минимизирање на работата и успесите на ова Собрание и на претставниците на оваа Република Македонија. Може да бидеме свесни, можеме да бидеме јасни, не сме деца, дека овде раководството на Република Македонија и на Владата на Република Македонија веќе два три, четири месеци се во постојан контакт и движеше со цел свет и цела Европа. И Европа е со нас. И тука доаѓа и ние одиме кон Европа. Па зарем може да се минимизира тоа? Како да тоа не е ништо. Хрватска и Словенија тоа го направија, па тие сер во војна. Веднаш направија се што треба и веднаш се во војна. Малку да се свртиме назад, да видиме што е тоа што денеска треба да кажеме овде и нашите граѓани во Република Македонија да знаат за што се работи. Ние имаме една Република Македонија на која Грција и незнам која уште не и веруваат. Она што го рече пред малку претходниот дискутант, 14 мировни

договори се потпишани, а ништо не се почитува. Европа се плаши од нас. Европа се плаши од себеси. Ние балканците изгледа ќе ја вовлечеме и цела Европа во војна и затоа бара уставна гаранција дека ние нема да го направиме тоа што го пишува овде. Ние на Комисијата разговаравме, се сложивме, дадовме објаснување, меѓутоа изгледа мора многу јавно тоа да го кажеме. Ако ние во членот 49 имаме два става од кои едниот вели она што вели, да не повторувам дека ние ќе водиме грижа за нашите македонци итн., а овде велиме дека ќе водиме сметка за добрососеските односи, односно за суверените права на нашите соседи и другите држави. Никој нас не не запрел и како политички партии и како Парламент, како држава, кога ќе бидеме признати, кога ќе бидеме во ЌЕБС и во Обединетите нации, и било каде да го поставиме прашањето на нерамноправно однесување на било која држава, на било кој народ во светот. Значи ние и понатаму ќе ги бркаме тие работи за нашите граѓани, за нашите соседи, воопшто за било која националност во светот. Тоа право никој не може да ми го оспори. Затоа мислам дека денеска овде не би требало да се/однесуваме така и така да разговарам по овие прашања. Јас мислам дека ова е многу голема работа. Она што бара Европа од нас треба да го сториме ако сакаме меѓународно признавање ако имаме една точка, некаде стои и треба да стигнеме до таму целта ни е таму. Ние за таа цел каде што треба да стигнеме треба да бидеме многу свесни и да знаеме што треба да се говори од оваа говорница.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, имавме образложение на предлогот за измена на Уставот. Имаме и конкретен текст. Имаме информација дека предлозите се дадени целосно и едногласно

поддржани на уставната комисија. Имаме информации од сите комисии дека од сите комисии во Парламентот се поддржани овие предлози за измени на Уставот. Со тоа всушност се потврдува дека е присутно едногласие во однос на дополнувањето на Уставот. Постои едногласност на сите пратеници, односно во основа за потребата од измената и дополнувањата. на Уставот. Оттаму добивам впечаток дека во отсуство на потреба да се негира било што од овие предлози за измени, дискусијата се префрлува на сосема друг терен,дури на меѓупартиско препукување.

**КИРО ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Имам впечаток дека дискусијата веќе добива тек вон темата што е предмет на расправа на Парламентот. Затоа, би предложил, доколку некој би имал сериозни забелешки на Предолгото на измени на текстот да расправаме за тоа и материјалната расправа да ја водиме по предлогот за измени на Уставот. Ниту Уставот го поставувам на дневен ред, ниту материјалните одредби на Уставот и определби ги поставуваме на дневен ред, ниту пак од сега се договараме дали да усвоиме декларација за меѓународно признание на Македонија. Напротив, сега расправаме само за измени и дополни на Уставот, што значи допрецизирање на веќе усвоени политички ставови во овој парламент, кој во сите комисии и во Уставната комисија едногласно се поддржани. Предлагам прецизно да се концентрираме на тоа. Доколку има некои сериозни забелешки на комплет амандман, за него да се изрази резерва и материјално да расправаме. Меѓутоа, имам впечаток дека поводот се користи за конкретни амандмани, а дискусија и расправа се води за сосема друго. Би предложил да се концентрираме на овие амандмани и давам целосна поддршка се приклучувам на поддршката овие амандмани да се прифатат, бидејќи тие се во функција на веќе остварените политички определби, уставно правно регулирани во Уставот. Доколку тие можат да претставуваат чекор повеќе во јасно определување на нашите ставови пред арбитражната комисија мислам дека нема било каква основа за било каква резерва да изразуваме.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господо, начелно го поддржувам предлогот на Владата на Република Македонија за пристапување кон Уставот на Република Македонија. Но, моите размислувања кои го одразуваат мислењето и

расположението на мојата парламентарна група, се упатени кон тоа да не се отпочне со измена и дополнување на само на членовите 3 и 49 од Уставот на Републиката. Но, да се покрене постапка за измена “на некои други одредби кои не се во согласност со Декларацијата на Министерскиот совет за Југославија и условите предвидени во поновите верзии на Нацртот на Хашката конвенција за Југославија. Односно во нејзината глава II посветена на човековите права. Поради ова, предлагам измените на Уставот да одат како пакет од повеќе амандмани со кои комплексно ќе се решат спорните одредби за нас од Уставот и со нивна принципиелна измена во согласност со споменатите документи на Европската заедница ќе се надминат недореченостите во Уставот. А сето тоа ќе биде во функција на демократијата, рамноправноста и заедништото, кои ги сметам за три важни императиви на времето и просторот во кои живееме

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги пратеници, не ќе ве задржам многу, само една минува, ми се чини сека залудно се само докажуваме и ни врви времето. Два саати не можеме да разбереме дека буквата е А. Досега, ми се чини мене завршивме многу работи околу Уставот, но околу законите дојдовме до буквата А, а никако да поминеме до буквата Б. Таман да прејдеме до буквата Б пак се враќаме на буквата А. Најубаво е да рпекратиме дамите себе да си го одземаме времето и да филозофираме. Ми се чини дека ние не сме малер, како се вели, луѓе кои немал толку среќа, па дајте да дадеме што треба во тие органи каде што треба да не признаат. Ако не сме дале, ако сме дале, да чутиме. ако не сме дале да дадеме уште нешто. Не сакам да го бранам господинот Арсов, пошто сме од истата партија, но ќе се

вратам пак на тоа првото. Еве поминаа 10 или 11 месеци колку што сме тука, цела година ќе помине , Уставот го донесовме, а сме донеле ми се чини околу 5-6 закони. Ако одиме така, и 20 години ние да бидеме тука ситите нема да ги донесеме сите закони. Меѓународно да се признае една држава не е достаточен само Уставот, и уставните закони. Треба да има закони и треба да се знае каде оди таа држава. Ве молам кратете ја филозофијата и да прејдеме на работа.

НАИМ **СЕЛМАНИ**:

Дами и господо, мислам дека конечно сфативме дека некои наши односи мораме да ги усогласиме според мерата на другите. Зашто, во локомотивата ако некој вагон не е во ред, веројатно ќе мора тој вагон да се вади од композицијата и така тоа мора да продолжи. Мислам дека ова го зборувам вака принципиелно, арбитражната комисија веројатно уште не работи по овие материјали и по сите барања кои што се доставени во врска со условите кои што се наведени во Декларацијата. Тоа значи дека ако веќе по некоја претпоставка дека ваквите барања ќе ги бара Арбитражната комисија, во ред, а доколку имаме сознание дека материјалите уште не се доставени до Арбитражната комисија, да не го повторам тоа што го кажа и претходниот дискутант Мерсим Положани, да не бидеме повторно вратени, мака што не треба од таа суета да патиме ако бидеме вратени повторно и ако е во интерес на она што го бараат денес модерниот свет.

Имам само едно свое размислување, во амандманот I став 2 вели “Република Македонија нема територијални претенции кон соседните држави”. А став 2 играницата н а Република Македонија може да се менува само во согласност на Уставот. Ако е ова веќе уставна гаранција, тоа што го

рече и претседателот на Собранието, тогаш потполно се сложувам, дека тие бараат една уставна гаранција, независно од чија иницијатива е и кој сосед го бара, таа гаранција тогаш малку ме стави во дилема, а веќе тврдам дека врз принципот на границата на Република Македонија може да се менува само во согласност со Уставот. Дали таква одредба ние ќе имаме во Уставот каде што ќе имаме право да го мениме Уставот. Заправо, тоа го бара, мислам тие го бараат од Арбитражната комисија каде што ќе имаме таква гаранција дека нема да ги менуваме границите и да се мешаме во нивни внатрешни работи. Ако е тоа тоа, тогаш мислам ова треба малку од предлагачот, од Владата малку да се појасни зашто не става во една мала дилема. Тоа е мое лично размислување дека пак се става во една дилема дали имаме право односно дали пак ќе бараме да ги менуваме границите. Тука веќе стои дека во согласност со Уставот. Ако тоа стои, тогаш практично не им даваме на тие другари што бараат гаранција, уставна гаранција дека немаме накнадно да бараме и измена на границите.

**АЛЕКСНАДАР СПИРКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дозволете да искажам едно свое размислување по однос на понудените амандмани од Владата на Република Македонија. По мое длабоко размислување сметам дека ситите амандмани вршат оптоварување на постојниот Устав од причина што мошне ми е добро позната постапката како се носеше овој Устав, бидејќи бев директен учесник во Комисијата за уставни прашања. Овој Устав го носеше експертска група кој изврши консултација со низа устави низ целиот свет, а нормално ги имаше предвид и барањата кои ги имаше Европа спрема нас во однос на градењето на овој Устав. Сметам дека амандманите кои се нудат пред овој Парламент битно не ја менуваат

суштината што веќе е вградена во одредбите на овој Устав. Кога го велам тоа, треба да правиме разграничување помеѓу одредени работи. Сметам дека признавањето на Република Македонија нема да оди така глатко, како што ние размислуваме. Прифативме дека Европа пропишува одредени услови, кои услови ние ете со сето срце ги прифаќаме и сметаме дека со самото прифаќање и вградување во Уставот дека тоа ќе се изврши така. Голема ќе биде задачата на нашата дипломатија во однос на нашето признавање како ќе се постави, со чекор назад или со чекор напред. Мислам дека е ова чекор назад. Кога тоа во велам треба првенствено да направиме разграничување, ја спомнуваме Европа. Дали мислиме на европската заедница или на сите земји во Европа. За нас е мошне битно исто така како ние стоиме со соседите. Ако за Република Бугарија не постој спорни одредби во овој Устав и јавно изразува дека ќе не признае а Република Грција истото не го чини бараше на некои несфатливи услови, а ми се чини баш овие оставки ги чиниме на таа страна а од друга страна, како што кажав треба да разграничиме одредени работи дека Грција е членка на Европската заедница, а Бугарија не е, сепак, да не заборавиме дека постоја и други земји во Европа,Русија никако не смее да се заборави и сега кој е патот на нашата надворешна дипломатија по однос на се она што не очекува. Сметам дека ставот 1 кој се нуди со Амандманот на Владата дека Република Македонија нема територијални претензии кон соседните е став по мое длабоко уверување кој не е вграден во ниеден Устав во светот. Зошто си дозволуваме до таа мера што она што се кажа да веруваме на еден контакт остварен на ниво на државници, дека тоа така треба да биде и ја занемаривме целокупнава наша јавност, експертите, ние

како Парламент, народот, се она што мислел,изразил и што чувствувал дека сега во овој момент така мора да биде, односно дали тоа не ќе значи дека утре во еден нареден контакт со друг државник повторно нешто не треба да измениме во тој поглед. Сметам дека Уставот и ги исполнува сите пропишани правила што ги бараше Европската заедница, па и поширокатa Светска заедница.

За мене нема потреба од вакво назначување, што сметам дека Европа колку стручна, односно европската заедница што може да согледа дека ние апсолутно со одредбите во Уставот немаме никакви територијални претензии према другите соседи. Тоа апсолутно е така. Треба сега ние да назначиме најконкретно дословце дека немаме територијални претензии кон соседните држави. Зарем тоа е потребно дословце да и се каже на Европа? Тоа е проблем на нашата дипломатија, првенствено ќе кажам, Тој проблем е таму. Не мешајте не на внатрешните работи. Дали е тоа одредба која треба да стои во Уставот. Утре ако станеме членка во ЌЕБС тоа е општо прифатено правило дека во сите членки во ЌЕБС и секаде во Светот немешање во внатрешните работи. Таа одредба ние треба да ја оставиме во Уставот. Не треба да одиме до таа мера до толку да се девалвираме. Навистина, процесот на добивањето на нашата државност ќе оди многу тешко. Меѓутоа, според мене, ако веќе, најконкретно велам отстапувања кои што се чинат спрема Република Грција, ние треба да одиме по однос на Република Грција со чекор напред. Не со чекор назад, во стартот само со чекор напред. Ако се постави прашање за територијални претенции викаме ќе имаме, или ќе немаме. Погрешно да не се сфатам, да го поставиме проблемот од напред, па после да се чинат отстапувања према назад, за да го добиеме она што сакаме. Ние да кажеме ако веќе сме нација, ако сакаме

да изразиме сили на една нација да и кажеме на Европа дека во Грција има многу работи нејасни, па не може Грција да не условува со некои други работи нас, а таа не ги решила баш работите во однос на македонското население таму. Сметам дека и мораме да прифатиме дека тоа е така, дека во Европската заедница каде што владее еден систем н а пазарно стопанисување тоа пазарно стопанисување подразбира само стопанисување во економската област каде што нема милост, таму се антагонизмите дотолку изразени, што и во политичката област имаат одредено влијание. Ние мора да одиме со мошне силни аргументи таму, но не на овој начин. Ние на Европа да и докажуваме еве ова напишавме , утре кажете што да допишуваме. Па фала на Господ таа среќа што прифативме ние овој Устав да го менуваме на ниво на Парламент. Што ќе се случеше ако прифатевме Одредбата истиот да требаше да се менува на референдум.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Ако никој не бара збор, тогаш го заклучувам претресот. Во согласност со член 131, став 1 од Уставот на Република Македонија, предлагам Собранието на Република Македонија да ја усвои следната Одлука за усвојуваше на Предлогот за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија.

1. Се усвојува Предлогот за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

Одлуката за пристапување кон изменување на Уставот на Република

Македонија се донесува со двотретинско мнозинство гласови до вкупниот број пратеници.

Има многу пратеници надвор. Молам, да направиме една кратка пауза за да се соберат луѓето овде, бидејќи немаме кворум.

Предлагам пауза од 15 минути.

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 17,20 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го заклучивме претресот, но Змејковски има една молба, сака да каже нешто.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Излегувам со еден предлог од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сакам да кажам дека ќе гласам за предлогот на Владата за измена на Уставот на Република Македонија со еден наш предлог.

Денеска Парламентот да ја задолжи Владата, односно Министерството за односи со странство да испрати до владите на соседните земји со кои граничи Република Македонија и со кое ги известува согласно одредбите од Уставот и останатите декларативни акти дека Републиката ќе гради активна мирољубива политика без мешање во внатрешните работи и нема никакви територијални претензии, односно предизвикуваше на било какви територијални инциденти со соседните држави со кои граничиме.

Ова сакам да го образложам бидејќи може да испадне дека со овие акти кои ги внесуваме во Уставот да дојде до некакви инциденти, а сите сме свесни дека се уште немаме никаква контрола над Армијата која се наоѓа на нашите граници со кои граничиме со соседните земји.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, нема никакви спорови околу тоа, се знае што се територијални претензии и сега овде имаме сосема јасен предлог.

Ова на господинот Змејковски го сфаќаме како една готовност и поддршка на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ за оваа политика што се инаугурира сега со овој акт што го предлага Владата.

Добро, во тој случај да повториме Одлуката за пристапуваше кон изменување на Уставот на Република Македонија се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (105).

За Одлуката гласаа 105 пратеници.

Ова заслужува аплауз.

(Гласањето беше пропратено со аплауз).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (1) .

Според тоа, констатирам дека Одлуката за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија е донесена.

Минуваме на **втората точка** - Утврдување на Нацртот на амандманите од I до III на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманите ви е поделен.

Поделени ви се извештаите на работните тела на Собранието.

Комисијата за уставни прашања предлага текстот на амандманите I, II и III да се преформулира во амандмани I и II, заради правно техничко подобрување на текстот.

Нацртот за измената на Уставот го утврдува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и го става на јавна дискусија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот I на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот I на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманот I на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (104).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот I на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот II на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на текстот на Нацртот на амандманот II на Уставот на Република Македонија и го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (108) .

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот II на Уставот на Република Македонија.

Со утврдување на Нацртот на секој амандман одделно, констатирам дека Собранието го утврди Нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

VII/4.-

По повод Нацртот на амандманите I и II на Уставот на Република Македонија, предлагам да ги донесеме следните заклучоци

1. Нацртот на амандманите I и II на Уставот на Република Македонија се става на јавна дискусија што ќе трае до 5 јануари 19 92 година.

2. Нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија ќе се објави во "Нова Македонија" "Флака е влазеримит" и "Бирлик".

3. Граѓаните, политичките организации и другите форми на организирање и здружување на граѓаните, како и другите учесници во јавната дискусија своите забелешки, предлози и сугестии по Нацртот на амандманите на Уставот да ги упатуваат непосредно до Комисијата за уставни прашања на Собранието на Република Македонија.

4. Се задолжува Комисијата за уставни прашања да ја организира, следи и сумира јавната дискусија и најдоцна до 6 јануари 1992 година да подготви извештај за резултатите од јавната дискусија и текст на Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

5. Овие заклучоци ќе се објават во "Службен весник на Република Македонија".

Предлогот на заклучоците го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (107).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ги донесе предложените заклучоци.

Минуваме на **третата точка** - <u>Предлог за донесување на закон за преминување на државната граница и за движењето во граничниот појас.</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Законодавно- правната комисија, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност и забелешките на пратеникот Тодор Петров, Ви се доставени, односно поделени.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување закон за преминување на државната граница и за движењето во граничниот појас.

2. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да подготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за преминување на државната граница и за движењето во граничниот појас, при што да ги има предвид мислењата, забелешките и сугестиите содржани во извештаите на работните тела на Собранието како и забелешките на пратеникот Тодор Петров.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Законодавно- правната комисија, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност како и забелешките на пратеникот Тодор Петров да се достават до Владата на Република Македонија и до Министерството за внатрешни работи.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **четвртата точка** - Предлог за донесување закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

2. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да подготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија, при што да ги има предвид мислењата, забелешките и сугестиите на работните тела на Собранието на Република Македонија, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Законодавно- правната комисија,

Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

Кој е за, молам да крене рака? (98).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Ве известувам дека комисиите уште не завршиле со расправа по точките 5,6,7,8 и 9, затоа предлагам да минеме на точката 10.

Минуваме на **точката 10** - Одлука на Уставниот суд на Југославија со која се утврдува дека одредбите на членовите 3,4 и 5 од Законот за исплата на личните доходи во Републиката се во спротивност со Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување.

Одлуката на Уставниот суд и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно- правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Врз основа на мислењата и предлозите на работните тела на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок;

1. Собранието на Република Македонија ја разгледа Одлуката на Уставниот суд на Југославија со која се утврдува дека одредбите на членовите 3,4 и 5 од Законот за исплата на личните доходи во Републиката се во спротивност со Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигуруваше.

2. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија во рамките на претстојните активности за преиспитување на проблематиката за личните доходи да изготви и на Собранието да му достави закон со кој ќе се регулира исплатата на личните доходи.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно- правната комисија да се достави до Владата на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (101) .

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1).

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Минуваме на **11 точка-** Одлука на Уставниот суд на Југославија со која се утврдува дека одредбите од членовите 1 и 2 од Законот за исплата на личните доходи и другите примања во Републиката се во спротивност со Сојузниот закон за исплатата на лични доходи.

Одлуката и извештаите на Законодавно- правната комисија и Комисијата за труд и социјална политика ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Врз основа на мислењата и предлозите на работните тела, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија ја разгледа Одлуката на Уставниот суд на Југославија со која се утврдува дека одредбите од членовите 1 и 2 од Законот за исплата на личните доходи и другите примања во Републиката се во спротивност со Сојузниот закон за исплата на личните доходи.

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија покомплексно да ја разработи проблематиката на личните доходи во Републиката и да предложи соодветни решенија за уредуваше на овие прашања.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно- правната комисија да се достави до Владата на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (99) .

Дали има некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Минуваме на **точката 12** - Предлог на програма за изменување на Програмата за премер катастар на недвижностите во периодот од 1991 до 1995 година.

Предлогот на програмата и извештаите на Комисијата за урбанизам и градежништво, Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот на програмата.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (93).

Дали има некој против? (2).

Дали некој се воздржува од гласаwето? (1).

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за премер и катастар на недвижностите во периодот од 1991 до 1995 година.

Минуваме на **точка 13** - Информација за активностите што треба да се преземат за подготвуваше и донесување на закон за грбот, знамето и химната на Република Македонија и

Роковник за спроведување на активностите за подготвување и донесување на закон за грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Информацијата, роковникот, извештајот на Комисијата за општествено- политички систем и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за општествено-политички систем, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (92).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (3).

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 14** - Информација за посетата и разговорите на претседателот на Собранието на Република Македонија во Европскиот парламент и во Советот на Европа.

Информацијата и другите материјали, извештајот на Комисијата за надворешно- политички прашања и односи со странство и забелешките на пратеникот Тодор Петров, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот ди Предлогот на заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на заклучокот молам да крене рака? (85) .

Дали е некој против? (Никој).

Има ли воздржани?(4)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Минуваме на **точката 15** - Информација за мрежата на здравствените организации и постелни капацитети.

Информацијата и Извештајот на Комисијата за здравство Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, најпрвин сакам да го изразам своето задоволство од текстот на оваа Информација кој дава навистина целосен преглед каков е степенот на искористеноста на болничките капацитети, бројот на лекари по степени на едуцираност, искористеност на специјалиситчкиот кадар од разни гранки, бројот на здравствените установи што сето тоа заедно е фактор внимание.

Од заклучните согледувања се насетува еден порадикален пристап во реформирањето на здравствената заштита.

Трето, оваа информација може да послужи како основа за во иднина со воведувањето на целосен информативен систем да се направат поконкретни и поцелосни анализи со добар аналитичко- емпириски материјал во кои ќе се презентира покрај горенаведеното и следните податоци: податоци за структурата на заболувањата, за видовите на медицинските услуги, обемот и структурата на опремата, а со тоа ќе се добие објективна процена и оцена за здравствената состојба на вкупното население со тоа согледување на мерките и активностите што треба да се преземат за нејзино подобрување.

Пред да навлезам во понатамошна елаборација, сакам да го истакнам следното, мора овој Парламент и секој граѓанин да тргне од акционата, здравјето на граѓанинот претставува основа за квалитетен труд во општественото производство и услужните дејности, заради што здравството итеративно се налага да биде фундаментален дел на општествената репродукција.

Второ, во здравствената дејност мора конечно да се изврши поделба на сите нивоа на здравствени услуги: примарната преку секундарната, до врвната здравствена заштита. Не може за сите нивоа како супстанца за

работа да ја земат истата сировина. Ангината да се лечи во примарната здравствена заштита па да стигне до професорот на клиника.

Кога сум тука да истакнам дека обемот на врвната здравствена заштита не може да помине повеќе од 20% од третманот за целокупната патологија, за разлика од досега енормното учество што е и нагласено во Информацијата.

Трето, крајно е време да се отпочне процесот на радикална реорганизација на здравствената дејност, како што е зацртано во владината програма, што значи треба да отпочне процесот на формирање на хоризонтални и вертикални медицински целини. Пример, една медицинска целина да бидат заболувања на кардиоваскуларниот систем, друга целина на пулмуналните заболувања, трета на локомоторни и тн, по системи. Со тоа, тие установи под себе да ја поврзат целокупната своја патологија преку секундарната здравствена заштита до лекарот од општа практика. На овој начин многу поуспешно ќе се обавува едукацијата на кадарот на сите нивоа на здравствената заштита од својата дејност. Ќе се обезбедува нивна перманентна ротација, значајно ќе се унапреди доктринарноста и апликативноста. Ќе се обезбеди порационална искористеност на капацитетите и неадекватната дисперзираност на медицинската опрема. Да не заборавиме ние имаме повеќе од оптимум и кадар, посебно специјалистички, нивни неусогласен однос. Исто така постои неискористеност на болничките капацитети. Но, не можеме да се пофалиме со ваква организираност дека имаме најквалитетна здравствена заштита. Оттука, акцентот треба да се даде на квалитетна и рационална здравствена заштита, затоа што по сите основи имаме достапна здравствена заштита.

Четврто, во новонастанатите односи на досегашниот југословенски простор мора да се утврдат следните параметри:

- неопходен простор потребен за вршење на здравствената дејност;

- неопходниот кадровски потенцијал од сите профили за вршење на здравствените услуги;

- неопходната медицинска опрема за здравствените потреби, затоа што сите сме свесни дека Косово и Јужна Србија барем за извесен период ќе бидат под знак на прашање како корисници на здравствените услуги кај нас.

Кога сме веќе тука да го истакнам следното, мораме да извршиме типизација на опремата. Не може сто врсти на потекло на опремата а за тоа да ангажираме 100 сервиси за поправка.

Сметам дека вишокот на лекари и лекари специјалисти, разни профили на медицински и технички кадар би можело успешно да се реши со склучување на договори со разни земји кои објективно имаат потреба од лекар и медицинско- технички кадар. Лекарите специјалисти би биле и наменски упатувани на работа во тие земји со цел да се здобијат со тесна субспецијализација по одредена проблематика од својата дејност, а по нивното враќање по 4-5 години во оваа држава би имало поквалитетен стручен кадар што би ја исклучило потребата од испраќање пациенти надвор од нашата Република.

Петто, прашањето на поуспешно и покомплементарна основна здравствена заштита би се решавала со куси додатни едукации на лекарите по општа медицина, така што баналната патологија, место да доаѓа на клиника, би била решавана во примарната здравствена заштита.

Превентивната медицинска заштита, покрај кадровска екипираност, со одредени сегменти, со доближување на превентивните специјалистички профили, овде пред се мислам на оние од школска и трудова медицина до организациите, односно школите, најнепосредно ќе се вклучи во превенцијата на заболувањата и повредите што е во духот на документите на светската здравствена организација, договорот на Алма Ата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Мислам дека се наоѓаме на крајот на годината и треба Парламентот да има една објективна слика на постојната здравствена мрежа, се разбира една мрежа која произлегуваше од концептот на општинското здравство. Една здравствена мрежа која се развиваше на теренот на општествената своина и продуцираше одредени нерационални модели.

Овој Парламент со законот за здравство се определи на целокупната оваа сфера врз плуарен своински систем, така што покрај државниот своински модел Парламентот допушти развој и на приватен своински модел во здравството во контекст на проширување на слободите и правата на граѓанинот да може да трага по квалитетна здравствена заштита.

Од оваа објективизирана слика на здравствената мрежа лесно можат да се изведат одредени слабости и истите се сместени во секторот на општата медицина и итната медицинска помош, на домашното лекување како трајна ориентација и стратегија на укажување на здравствената заштита, дневната болница како облика за рационализација на скапата хоспитализација и поливалентната патронажа.

Исто така, со преземените придружни акти на Министерството за здравство во функција на спроведување на законот за здравство, на еден компетентен, стручен и доктринарен начин, ако ги разрешиме овие проблеми и ако создадеме простор за обезбедување материјална основа на здравството можеме да констатираме дека постојат објективни основи за преструктуирање на оваа сфера на општествените дејности која што овој Парламент си зеде задача да даде предност во преструктуирањето како доста скапа и доста витална.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа,

Моите претходници изнесоа доста работи во однос на распространетоста на мрежата и основниот капацитет на здравствените организации во Македонија.

Меѓутоа, јас овде би се задржал на кратко само на некои работи што треба навистина како парламент да ги знаеме за да можеме утре и насоките од Законот за здравство што беше усвоен во август оваа година поуспешно да делуваат односно да се спроведат во живот.

Како што изнесоа поедини, особено поедини профили од лекари имаме нешто повеќе отколку што треба. Меѓутоа, тука се нешто повеќе и стоматолози, но има намален број на фармацеути, за што во иднина треба нешто повеќе да се направи за да и оваа струка биде во нормален број застапена во нашето здравство.

Понатаму, лекарите што ја обавуваат трудовата медицина по еден лекар кој треба да биде на илјада активно вработени работници не е доволен и нивниот број иако изнесува некаде околу 240 вакви лекари, би требало во иднина да биде зголемен и на тој начин оваа дејност да биде што поуспешно спроведена.

Понатаму, многу треба да придонесе развојот на приватното здравство. Без развој на приватното здравство што ќе биде конкурент на државното здравство мислам дека ќе нема современо модерно и ефикасно здравство во нашата Република, затоа што и приватните лекари ќе бидат подеднакво наградувани како и лекарите во државното здравство.

За да може сето тоа да се направи здравството, пребукираната здравствена мрежа на болничко ниво а помалку превентивната во примарната здравствена заштита би требало во иднина а и такви се согледувањата и на Министерството за здравство, програмирање и планирање од републичко ниво преку Министерството за здравство.

Понатаму, функционална поврзаност по хоризонтална и вертикална линија, доктринарно работење давање приоритет на примарната здравствена заштита,лекување на болни во амбулантски услови во домашни услови, преку лекуваше во дневни болници, преку развиена служба за домашно лекување а со тоа да се намали болничкиот капацитет кој што денеска изнесува 5,7 на 5 постели на илјада жители.

Рационално користење на опремата, просторот и кадрите. Кога сме кај опремата, би требало да кажеме дека 80%, над 80% е амортизирана, застарена и во иднина ќе мора многу повеќе да се даде приоритет на набавка, на опрема што ќе биде купувана од истородни фирми со цел сервисите да бидат тука во Македонија и , да можат успешно дефектите да ги поправаат.

Формирање на служби на општински нивоа за ургентна медицина, формирање на патронажна служба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, Накратко ќе се осврнам по однос на заклучувањето со една забелешка дека во нивната дикција премногу се присутни зборовите “има потреба” “неопходно е” “со оглед на тоа и” се укажува на” и слично. Само ќе потсетам дека ние со донесувањето на законот за здравствена заштита, создадовме статус на државно така наречено национално здравство, кое во своите ингеренции како државен орган Министерството за здравство беше еден од најголемите адути дека со таквиот свој државен статус и ингеренции поефикасно ќе ги надминува сите до сега со години наназад присутни проблеми од организационен и функционален карактер во здравството.

Во таа смисла предлагам во заклучувањето овие начелни укажувања “има потреба”и “неопходно е” и слично да се заменат со дискусија на обврзност односно задолжување со собраниските заклучувања во однос на тоа Министерството односно Владата се задолжува и Министерството веќе да ја спроведе и изврши со години наназад проследуваната реорганизација. Таа како проблем постои. Истата, поради расцепканоста, досега не се реализираше. Ингеренциите што сега ги има Министерството се предуслов ефикасно да се изврши тоа како обврска.

Морам да кажам дека овие проблеми како паралелно постоење на болнички капацитети во населени места, како општини, а кои меѓу себе се дуплираат. Понатаму прашањето на детските болници и слични прашања

со години наназад се повторуваат како проблеми и треба со доследното спроведување на реорганизацијата во здравствената мрежа истите да бидат разрешени.

Во таа смисла се согласувам со заклучокот на Комисијата за здравство кој ја задолжува Владата да ги операционализира сите овие задачи утврдени во Информацијата и во Извештајот на Комисијата за здравство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓица Јумеровска.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, се надевам дека оваа опсежна информација имавте доволно време добро да ја проучите заради тоа што таа претставува еден аналитичко- студиозен пристап за тоа какво здравство имаме моментално сега како и дадените глобални оценки што министерството ги дава на крајот, а за кои што ова Собрание како што беше речено, треба да се труди да бидат операционализирани за тоа како и на кој начин истото здравство треба да се развива понатаму бидејќи изградивме еден модел на национално здравство.

Нема да зборувам ниту за програмата односно Информацијата ниту за Извештајот на Комисијата. Тие, мошне пластично ја отсликуваат ситуацијата како и проблемите со кои се судираме. Излегов само да дадам прилог кон заклучоците, што се добри, но можеби би требало во членот 3 да бидат поконкретни во смисла на внесување:

- во ерата на компјутеризацијата во сите сфери посебно во здравството ќе биде значајно и воведувањето на информатиката не само на

клиниките, за што неодамна одобривме некои средства во Ребалансот на буџетот туку и во сите општини.

За ова нешто стана збор на Комисијата. Гледам во заклучоците не е внесено. Мислам дека во наредниот период како приоритетна задача на Министерството односно Владата треба да биде добар развој на здравството а особено заради обезбедување на комплетна реорганизација и рационализација на сите служби би била и во ерата на компјутеризација внесување на овие компјутери, односно информативните центри не само на територијата на градот Скопје туку и на цела Македонија, така што моето јавување беше како дополнување на членот 3 во кој се вели дека Собранието се грижи и укажува на потребата за преиспитување, меѓутоа укажува и на потребата за внесување на компјутери, како и изнаоѓање можности на Владата за средства за ваква намена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за здравство го ставам на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ**:(Продолжение)

Кој е за,молам да крене рака? (97 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Минуваме на **точката 16 -** Предлог на одлука за разрешување заменик на јавниот обвинител на Македонија.

Предлогот на Одлуката ви доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака (89 пратеници).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Јован Трпеновски е разрешен од функцијата заменик јавен обвинител на Македонија по сопствено барање.

Преминуваме на **17-та точка** - Предлог на одлуки за разрешување на судии на Општинскиот суд во Струмица.

Предлогот на одлуките Ви е доставен.

Отворам претрес.

Ви укажувам дека претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, г-дин Никола Крстевски, со писмо ме извести дека Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија ја повлекува Предлог- одлуката за разрешување од должноста судија на Општинскиот суд во Струмица на Александар Хаџи-Јанков.

Остануваат двете други одлуки за Франц Тошев и Лазар Караколев.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуките го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуките, молам да крене рака? (89 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Франц Тошев и Лазар Караколев се разрешени од должноста судии на Општинскиот суд во Струмица по нивно бараше.

Преминуваме на **18-та точка** - Предлог на одлука за разрешување заменик на јавниот обвинител во општинското јавно обвинителство во Тетово.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (92 пратеника)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Занко Стојменов е разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител во Општинското јавно обвинителство во Тетово по сопствено барање.

Преминуваме на **19-тата точка** - <u>Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес

Молам, кој бара збор (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (86 пратеници)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на **20-та точка** - <u>Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на надворешни членови на Комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (90 пратеници)

Дали има некој против?(1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на Комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.

Преминуваме на **21-та точка** - Предлог на одлуки за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органи на управување во:

- Советот на Економскиот факултет во Скопје,
- Советот на Стоматолошкиот факултет во Скопје,
- Советот на Факултетот за физичка култура во Скопје,
- Советот на РО за производство на филмови "Вардар- Филм" Скопје,
- Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македонија.

Предлогот на одлуките Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуките го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуките, молам да крене рака? (87 пратеници)

Дали има некој против (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органи на управување.

Преминуваме на **22-та точка -** Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Работната организација на производство на Филмови "Вардар- Филм" – Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (87 пратеници).

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Работната организација за производство на филмови "Вардар-Филм"-Скопје.

Преминуваме на **23-та точка -** Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (92 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Преминуваме на **24-та точка** - Информација во врска со најновата одлука на Советот на гувернерите на Народната банка на Југославија.

Отворам претрес.

Има збор гувернерот на Народната банка на Македонија.

Ве молам, кажете дали има нешто што е од доверлива природа или се е од доверлива природа.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:**

Мислам дека е се од доверлива природа, незнам каква расправа понатаму ќе се отвори и предлагам седницата да биде затворена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот седницата да биде затворена, молам да крене рака. (90 пратеници).

Расправата на седницата по оваа точка ја продолжуваме без присуство на јавност.

Молам, новинарите да се придржуваат до одредбите на Деловникот.

Исто така, молам и стручната служба да ја напушти салата.

(Сите споменати ја напуштаат салата).

(Стенографските белешки по оваа точка се работени посебно) .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со седницата.

Известете ја јавноста нека дојде. Седницата е отворена и известете ги луѓето.

Минуваме на **точката 25** - Информација од разговорите водени во Собранието на -СФРЈ .

Јас сакам само да објаснам нешто.

Од донесувањето на Уставниот закон во однос на Собранието на Југославија се постапува во склад со член 11 кој гласи: “До постигнување договор меѓу суверените држави од СФРЈ, делегатите на Република Македонија во Собранието на СФРЈ ќе ги вршат своите функции во согласност со насоките на Собранието на Република Македонија. Овде не е речено дали за секоја седница ќе се даваат насоки и дека Собранието ќе ги дава на седницата. Најважно е на седница да ги дава насоките.

Од донесувањето на Уставниот закон до сега се одржани 2 седници на Соборите на Сојузното собрание. Ние постапивме вака, тргнавме рестриктивно, бидејќи нема насоки да се иде и да се соработува таму, тогаш стапивме во договор со двете делегации и се договоривме од претседателството да немаме посебни причини да одиме на Собранието да бараме насоки дека треба да бидат во учество во работата, да известат, точките беа такви, по тие точки Собранието има изградено насоки и нема да учествува. Нашите пратеници и делегати не учествуваа. Едно беше за Хашката конференција еднаш, а второт. пад1, беше за оставката што бараа оставка за разрешување Анте Марковиќ. Тие што биле, може посебно да ги прашаме кои биле, зошто биле итн., важно ова е договорено никој да

не иде. Ние само тоа го знаеме. Меѓутоа, итно ни доставија телефакс дека се бараше да учествуваме, да одиме кај претседателот на Собранието на разговор да видиме дали ќе се обезбедат позитивни насоки на пратениците да учествуваат во расправата за кредитно- монетарната политика и буџетот. Само да ни дадат претходни информации дали ние потоа ќе исходиме одлука на Собранието да се учествува во ова. Таков разговор прифативме, заради тоа што буџетот и монетарната политика сме должни да одиме на барање на насоки од Собранието овде, затоа што тогаш бевме убедени дека со делегациите сами Претседателството не може по тоа прашање да се договори.

Оттаму, се договоривме потпретседателот, а не претседателот да оди на тој разговор, да присобере информации и да ислуша што се намерава на таа седница наредна и ако има нови околности кои предизвикуваат позитивна реакција од што нашите интереси би биле поголеми ако не учествуваат нашите пратеници таму, да го информираме Собранието и да бараме позитивни насоки.

Потпретседателот Киро Поповски присуствуваше на тој состанок и потоа таму , прво, нема дадено никаква согласност дека ние учествуваме, ниту се изјаснувал по Буџетот. А кога дојде овде не извести дека е Буџетот воен, дека е тоа Буџет за водење војна и дека Буџетот пред се~се финансира од емисија и негово мислење беше да не одиме на Собрание да даваме позитивни насоки на нашите пратеници и за тоа делегациите односно од нив не се бараше, не се предлагаше да идат да учествуваат во градењето на тој Буџет и монетарна политика, а со гувернерот и со министерот за финансии бевме во контакт дали имаат тие поинаква оцена, иста оценка имаа и тие институции. Затоа, не дојдовме да бараме насоки за учество.

Ако треба на друг начин за секоја седница која се довикува ние да бикаме седница на Собрание и да бараме мислење на Собранието тоа е многу комплицирано и потешко. Вака мислиме, кога ќе процениме дека е потребно да се бараат позитивни насоки, само тогаш да се иде на Собрание и да се дава насока на делегацијата.

Ако мислите поинаку да постапиме за тоа не сме имале договор. Ако мислите поинаку да постапуваме, предложете така ќе направиме.

Дали некој бара збор? /никој)

Тогаш го заклучувам претресот и по оваа точка.

Имаме избор или да одиме на пратенички прашања сега, за другите точки комисиите не завршиле работа. Немаме извештаи. Молам, не можеме да продолжиме по точките што се останати овде.

За збор се јави пратеникот Љупчо Поповски

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал да поставам прашање од кои причини точката 5, тоа е предлог за донесување на закон со кој Републиката ќе и довери вршеше на определени работи на општина Крушево, не беше ставен и некако добив впечаток дека е тој прескокнат со превид или намерно, дали е даден на некое тело, бидејќи има извештај до Комисијата за општествено политики систем. Мислам дека не видов бараме јас причина зошто таа точка е прескокната. Би сакал едно објаснување. Ако се**е во ред јас мислам дека треба да продолжиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се е во ред, таа е во низата на точки што немаме комплетна документација од работните тела. Од некои комисии фалат извештаи.

(Пауза од 30 минути)

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 20,50 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја замоливме Стручната служба да ги повика сите пратеници да дојдат на своите места оти се знае дека мора да имаме најмалку 40 гласа за да минат некои акти, па да го имаме предвид тоа.

Минуваме на **петтата точка** - Предлог за донесување на закон со кој Републиката ќе довери вршеше на определени работи на општината Крушево.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на

Законодавно- правната комисија, Комисијата за општествено-политички систем и мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Законодавно- правната комисија и Комисијата за општествено-политички систем предлагаат предлогот за донесување на закон поднесен од Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Република Македонија да се разгледува како Иницијатива за донесување на закон кој на Републиката ќе и довери вршење на определени работи на општината Крушево. Претставникот на предлагачот во Законодавно- правната комисија се согласи со овој предлог.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Марин Миленковски.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Мене ми е жал што токму оваа точка како и минатиот пат не помина во Предлогот на Уставот но и во Предлогот на Уставот исто така се случи да имаме помал број пратеници па јас би сакал да се задржам малку во врска со иницијативата за донесување на закон на општината Крушево со кој таа треба да добие статус на слободна бесцаринска и шопинг зона.

Иницијативата ви е доставена во писмена форма. Во неа е дадена уставната основа и образложението на потребите од донесување на еден ваков закон, па сепак чувствувам потреба во оваа прилика да кажам неколку збора во прилог на оваа иницијатива.

Денеска во светски размери не се ретки примерите специфични економско- културно историски и други интереси на одделни природни политички и територијални целини да им се обезбеди повалстен статус кој подразбира соодветно олеснување во областа на финансиското, девизното и друго работење. Таквите енклави стануваат значен развоен генератор не само за подрачјето на кое се однесуваат, туку и за пошироката општествено- политичка заедница. Зошто Крушево бара таков статус?

Во прв ред станува збор за економски причини. Општината Крушево денеска е една стопански најнеразвиено подрачје во Републиката, со сите последици што произлегуваат од тоа на економски, социјален и политички план. Таквите состојби придонесуваат, меѓу другото, за демографско празнење односно за миграција на населението кон поразвиените стопански центри во Републиката, па и надвор од неа.

Општината располага со значајни стопански туристички земјоделски капацитети за кои досегашната развојна политика на Републиката не успеа да пронајде адекватен начин за нивно профитабилно искористување. Тоа особено се однесува за капацитетите во областа на туристичкото стопанство кои добар дел од годината остануваат без гости наспроти фактот дека се располага со можности за т.н. континуиран туризам и во зимскиот и во летниот период Во минатото беа правени обиди по пат на интеграција со некои туристички агенции во Републиката таквата состојба да се надминат, но резултатите изостанаа. Тоа упатува на заклучок дека во идниот развој е неопходно да се потпреме, пред се, врз сопствени сили за кое нешто се неопходни определени системски погодности. Во оваа прилика не треба да се запостави историското значење на Крушево во борбата на македонскиот народ во сопствена независна држава. Настаните што во овој град музеј се одиграа на почетокот од овој век, рожбата на Илинденското востание Крушевската Република на најдраматичен начин пред светот го легитимира државотворниот вековен стремеж на македонскиот народ. Традициите и спомените на таа епопеја траат и денеска и тие се вткаени во нашиот нов Устав на суверена и независна Македонија. Има бројни причини тие наши сеќавања на симболичен начин да ги ставиме во функција на повторно оживување на Крушевската Република. Сето тоа ми дава за право да речам дека општината Крушево ги исполнува условите врз основа на Уставот да добие третман на законска повластена општина и нејзино прераснување во бесцаринска и шопинг зона. Оваа идеја во општината што требаше подолго време и во првата половина од годинава таа беше вообличена во посебен проект кој има добиено и соодветна научна поткрепа. Тој е доставен до Владата на Република Македонија со бараше да биде вклучен во нејзината програма, а

како што ви е познато имаше силни заложби таквиот статус на Крушево да биде уставно загарантиран.

Што се добива со статусот што го бара Крушево? Со законското дефинирање на Крушево како бесцаринска и шопинг зона ќе се оствари повеќекратна корист и за општината и за Републиката. Со тоа ќе се создадат услови за максимален развој и искористување на неговите стопански туристички земјоделски и други потенцијали. Сето тоа треба да услови развој на низа нови стопански гранки, оживување на некои веќе изумрени традиционални занаети со кои со векови се бавело населението од овој и околните краишта.

Развојните перспективи на општината со тоа би биле неисцрпни во функција на општиот економски развој на Републиката. Тоа би бил значаен предизвик за вложување на странски капитал со што значително ќе се подобри квалитетот на животот на целокупното население како основен услов за задржување на луѓето, а особено на младите генерации на своите татковски и дедовски огништа.

Според тоа, станува збор за повторно симболично создавање на Крушевската Република која широко ќе ги отвори своите врати кон светот, кон бизнисот и светската туристичка клиентела преку цела година која има што да види во Крушево и да научи за нашето минато и нашата сегашност. Со тоа Крушево ќе биде еден од најдобрите пропагатори на вистината за Македонија низ светот кој и тоа колку ни е потребно во напорите за наша сестрана афирмација и како народ и како држава на меѓународен план.

Имајќи го сето ова во предвид апелирам до сите вас да ја прифатиме Иницијативата на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и да ја

задолжиме Владата на Република Македонија да го подготви предлогот на законот кој ќе се донесе по редовна постапка.

Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Прво, како пратеник на Реформските сили Либерална партија сакам да укажам на оправданоста од поддржување на една иницијатива, односно на секоја онаа иницијатива која за основа има економски и сеопшт напредок на одредени подрачја во Македонија. Бидејќи оваа иницијатива која не е нова за воспоставување на Крушевската Република како бесцаринска зона и шопинг зона е постара и бев во можност познавајќи го авторот на елаборатот за Крушево господинот Ванчо Салџиски да го следам целокупниот проект и интересот кој околу него се создаваше.

Во овој момент цел еден град, цела регија живее со оваа иницијатива и во таа смисла се надевам дека Владата на Република Македонија веќе имала можност на неколку пати да се запознае со овој проект и ќе го забрза донесувањето на регулативата за овозможување на остварувањето на идејата за бесцарински зони, бидејќи тоа е сврзано со сојузните прописи, односно ние немаме свој републички закон.

Во таа смисла, а за да не дојде на одреден начин под еднострано расудување, дали оваа иницијатива ја спречува можноста и идејата такви бесцарински зони да се отвораат и во другите општини како што е Охрид, Гевгелија, мислам дека треба да обрнеме внимание на ставот кој

Комисијата за политички систем го предлага, а тоа е му предлага на Собранието да ја задолжи Владата на Република Македонија врз основа на условите и критериумите за прогласуваше на одделни подрачја за бесцарински зони да ја проучи поднесената иницијатива и доколку оцени дека се исполнети законските услови на Собранието да му предложи донесување на закон.

Мислам дека со тоа на одреден начин ја ставаме во активна позиција Владата спрема оваа иницијатива и овозможуваме тој проект во онаа смисла во која има економска и друга оправданост еднаш да заживее.

Инаку да кажам дека утре е годишнина на посебното претпријатие “Крушево- експорти кое е формирано токму за промоција и презентација на овој проект како во земјата, така и надвор. Мислам дека би требало да имаме слух за оваа иницијатива да не ни се случи како што се случи со гласањето околу истата оваа работа при гласањето за членот 118 на Предлогот на Уставот.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да укажам на неколку моменти во врска со оваа иницијатива за да не ги лажеме граѓаните од оваа говорница во овој Парламент со работи и ветувања кои повеќе отстапуваат од стварноста отколку што имаат врска со она што е законска регулатива во Републиката.

Прво, од формално- правна гледна точка барањето кое беше поднесено воопшто не требаше да влезе во процедура на дневен ред, заради тоа што имавме точка Предлог за донесување на закон, кој воопшто не содржи содржина на законот кој ќе опфати текстуален содржински дел на законот.

Повеќе требаше да биде барање за укажување потреба за донесување закон, а Владата да си донесе свое мислење отколку да биде предлог за донесување закон заради тоа што Предлог за донесување закон со кој Републиката ќе довери вршење на одредени работи на општина Крушево ние формално- правно немаме. Тоа е од формално правна гледна точка.

Друго, сакам да укажам и на некои суштински работи. Собранието на општина Крушево поднесе, меѓу другите пратеници и до мене едно барање уште на 25 јуни за обраќање и покренување на прашањето за формирање на бесцаринска и шопинг зона да влезе како тема за работа во програмата на Владата на Република Македонија и врз основа на тоа поднесов пратеничко прашање до Владата на 26 јуни за формирањето на слободната бесцаринска зона Крушево бесцаринска шопинг зона.

Одговор на овие пратенички прашања добив, ги имаат и сите пратеници тие материјали, на 23 јули и меѓу другото Владата даде ваков одговор:

“Идејата за Крушево како бесцаринска и шопинг зона секако е интересна, но претходно треба да се остварат системски услови што ќе придонесат за реализација на оваа идеја. Во таа смисла ќе се согледаат сите можности и извршување на измени на постојните и донесување на нови сојузни закони кои ќе ја регулираат оваа материја. Исто така преку

прописите за локалната самоуправа би се создале институционални рамки за формирање на бесцарински зони. На овој начин преку законски и системски измени би се создале институционални рамки за да Крушево и другите интереснилокалитети во Македонија можат да добијат посебен третман односно ќе можат да се отворат бесцарински шопинг зони".

Што значи дека Владата уште во јули месец укажала дека не постојат системски закони кои ја регулираат областа за создавање на бесцаринска зона за да воопшто може да се отворат на територијата на Републиката. Знаевме дека имаше околу 3 иницијативи и програми кои се работени и во Стопанската комора на Македонија.

Проблемот е од суштински карактер заради тоа што ние сеуште во ова Собрание системски не сме ги регулирале односите како самостојна и независна држава во поглед на бесцаринското работење како системски закон да регулираме одредени односи во дадена област за да можеме некому нешто да му пренесеме. Не можеме нерегулирани работи некому да ги пренесеме за да го лажеме дека нешто остварил, а фактички ништо не остварил.

Друго, сметам дека мислењето на Владата отскокнува од предлогот на Комисијата заради тоа што слободна царинска зона можат да формираат стопански субјекти заинтересирани кои ќе вложат профит, не може институција на политички систем да добие овластувања да раководи и работи со слободна царинска зона, па и Собранието ќе. донесе закон како највисок орган на власта односно носител на законодавната власт ќе донесе системски закон за бесцаринска зона. Меѓутоа, нема да ги формира тој, туку заинтересираните стопански субјекти сами ќе си формираат слободна бесцаринска зона на оние подрачја и делови од територијата на

Републиката кои ги задоволуваат условите. Од тој аспект сметам дека е залажувачки, а за мене е само маркетиншки што можеби ни на граѓаните во доволна мера не им се објаснува, па бараа определена оставка од пратеникот од нивната изборна единица. Меѓутоа, кога и пред граѓаните се оди со непознати показатели и изборни ветувања кои немаат реална основа, сметам дека ќе дојдеме и би дошле до такви состојби како што беше изнудената оставка на пратеникот Марин Миленковски од изборната единица Крушево. Затоа сметам дека Владата единствено што би можела да ја задолжиме, бидејќи за мене формално правно не постои предлог кој на дневен ред се најде, меѓутоа формално- правно не може да го усвоиме, па единствено Владата да ја задолжиме да ги подготви системските закони за регулирање на овие области и врз основа на истите, ако Републиката најде интерес за да организира определен конзорциум на стопански субјекти преку надлежните стопански институции Стопанска та комора на Македонија или други заинтересирани субјекти да вложат капитал на ова подрачје за да навистина го добијат оној третман како стратегија кој го бара Републиката. Ако не воопшто да не ги залажуваме граѓаните.

Од тие причини сметам дека треба да донесеме само еден обичен работен заклучок да се задолжи Владата од овие области да ги изготви системските закони на царинското, надворешнотрговското работење, бесцаринските зони и кога ќе ги добиеме системските закони, тогаш да расправаме, ако ние расправаме, а тие се заинтересирани кој сака и каде сака да отвора слободна царинска зона.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас морам да укажам дека Извештајот од Законодавно- правната комисија ви е доставен, но во оваа збрка на извештаи сигурно не го видовте па затоа би се обидел накусо да го пренесам ставот на ЗПК и бидејќи настанаа одредени процедурални прашања кои на ЗПК беа расчистени, па мислам дека не ги спомна и претходниот дискутант кој беше присутен на Законодавно- правната комисија.

Комисијата смета дека има потреба од донесување на ваков закон со кој Републиката ќе го довери вршењето на определени работи на општината Крушево содржани во Предлогот на законот.

Исто така, Комисијата констатира дека уставен основ за донесување на овој закон е членот 6 8 став 1 алинеја 2 и членот 115 став 3 од Уставот на Република Македонија. Меѓутоа, Комисијата оценува дека Предлогот за донесување на овој закон Собранието треба да го разгледа како иницијатива за донесување на овој закон со кој Републиката ќе и довери вршење на определени работи на општината Крушево.

Со овој став на Комисијата се согласи претставникот на предлагачот што во извесна смисла ги елиминира оние недостатоци од формално- правна смисла што значи Комисијата му предлага на Собранието да ја усвои Иницијативата и да ја задолжи Владата да изготви и на Собранието да му поднесе предлог за донесување закон во смисла и на мислењето кое е дадено на Владата во недостаток паралелно со овие законски прописи, а во секој случај како законодавно тело, овој орган ова Собрание на општината можат да му се пренесат и одредени права во однос на

царините, во однос на даноците што Крушево долго време, во извесна смисла не се согласувам, ние сме законодавци, па во таа смисла и тој закон врз консултирање на сите стручни и сигурно ќе се изнајдат оние олеснителни работи во кои Крушево ќе започне да привлекува капитал и во светот ќе стане интересен град и ќе почне иницијативата за создавање на една бесцаринска зона што во светот се познати како Андора и слично.

**ТОМИСЈТАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо, оваа иницијатива на Социјалдемократскиот сојуз беше разгледувана пред Законодавно- правната комисија и колегата Гештаковски беше претставник на предлагачот. Кај нас се сфати како иницијатива да се препорача на Владата да ги испита условите под кои може да се предложи донесување на ваков закон.

Меѓутоа, кога навлеговме во содржината на предлогот и правата на Собранието регулативата за пренесување на некои работи од надлежноста на Републиката на општината тие се регулирани во глава V од Уставот на Република Македонија каде се говори за локалната самоуправа.

Да може да се пренесе некое право тоа право треба да го има Републиката. Господинот Петров зборуваше за тоа кој може да оформи ваква бесцаринска зона рече дека можат да бидат стопанските субјекти, што значи дека Собранието не ќе може да има овластуваше тоа да води бесцаринска зона, па да може Републиката такви права да пренесува на друг.

Во тоа е смислата на господинот Петров да може да се донесе системскиот закон што за сега се користат сојузните закони со преодните одредби односно со Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија да можат да се применуваат сојузните прописи ако не се во спротивност со законите на Република Македонија. Во овој случај Владата при дадениот одговор јасно и гласно кажува кои услови се предвидени за сега да може да се создаде или оформи бесцаринска зона на одредена територија на Република Македонија, па помеѓу другите ги споменува чисто економските парични услови па ги создава од капиталните инфраструктурата, аеродроми, патишта од прв ред, пристаништа и слично, меѓутоа, видно од ова ние не гледаме таква поврзаност на Крушево, значи по постојниот Сојузен закон за создавање на бесцаринска зона, односно да може Републиката во кој и да е случај да пренесе такво право на општината Крушево не се исполнуваат условите што значи дека законската регулатива сега за сега каква е не дозволува ваква работа. Таа не може да се сфати дека некој овде се противи на некоја иницијатива само треба да се сфати дека тоа што е можно да се предлага пред Собранието, а тоа не е можно, да не правиме такви работи и такви оптоварувања сами на себе и во еден момент да одат неконтролирани работи и да заземаме пооделни неправилни ставови.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Мојот предлог е, ова како иницијатива да остане, меѓутоа, таа ќе има смисла само во оној момент кога ќе биде донесен системскиот закон од страна на ова Собрание. Дали тоа Владата ќе го направи или ќе го направи еден или повеќе пратеници, тоа е одвоено прашање. Меѓутоа, за изработка на еден закон, да се донесе, се знае дека за него треба финансиска конструкција. Според ова, затоа што се работи за една чисто економска работа без учество на Владата, ние не можеме да направиме економска конструкција за донесување на ваков закон во овој момент. Останувам на тоа дека во овој момент единствен предлагач за донесување на овој закон сепак ќе треба да биде Владата која има непосредни увиди во економската состојба за вложување и слично.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Се согласувам со претходниот дискутант дека Владата е најкомпетентна и тоа го бара Законодавно- правната комисија, а тоа е и иницијативата.

Јас незнам што е ова, во чие име зборуваше, не го разбрав претседателот на ЗПК кога таму гласаше за оваа иницијатива. Јас сум официјален известител и од збор до збор го прочитав извештајот на ЗПК. Инаку, мислам дека ваквите работи се непроцедурални и непримерни. Таму беше, можеше да го изјасни својот став и молам да се сфати дека е ова официјален став на ЗПК.

Инаку, она што на крајот го додадов, истакнав дека е од и мое име. И ова сега го зборувам во мое име точно и јасно е мислењето на Владата за сојузниот закон кој е преземе со Уставниот закон за спроведување на

Уставот, како републички. Немојте, треба да бидеме свесни што значеше тој закон. Тој беше правен за Белград, за Љубљана и слично. Во Македонија познато е дека многу такви идеи влегоа на голема врата. Влезе Битола со Меџитлијаи, влезе Гевгелија, па тие зони, пристаништа, па Јапонија капитал ќе носи, па внатре ќе се вработуваат сто илјади. Да бидеме реални и свесни.

Оваа иницијатива како најкомпетентна Владата ќе ја разработи и ќе создаде одредени можности за започнување на Крушево во скоп на тие системски закони како една бесцаринска или зона со која ќе има извесен приоритетен статус во однос на системските мерки. Ако данокот во одредена категорија го предлага Министерството за финансии во одреден закон, во тој закон може да рече дека за Крушево ќе важи друга стапка. Во однос на привлекување на капитал и развој на тоа подрачје кое е историско не би и навлегувал во Предлогот.

Тоа ми беше, тоа е иницијативата и барањето Владата како најкомпетентна и стручна оваа иницијатива да ја разработи, да види како е во светот и за Крушево да предложи. Тоа е процедура. Бараме предлог за донесување на закон кој ќе влезе во сите постапки. Дали има основ, ќе дискутираме и ќе се расправаме. Во таа фаза тогаш. Сега да се сфати како иницијатива од овластен предлагач за што јас истакнав дека е формално правна и дека е преправена и од Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Мислам дека во предложениот Предлог се прави една грешка. Не станува збор, согласно членот 115 став 3, за .пренесување на некои надлежности што ги има Републиката. Сега, со сојузните закони за

отворање на царински продавници беше регулирано со Законот за надворешно- трговско работеше и законот за отворање безцарински продавници. Во тие два сојузни законски прописи беше регулирана таа материја.

Да не правиме некои правни квалификации, правни грешки кога предлагаме, согласно на членот 15 став 3, пренесува Републиката некои функции од своја надлежност на општина Крушево. За ова не станува збор. Тоа е погрешна квалификација или карикирање со правото

Овде станува збор за покренување иницијатива за донесување закон за утврдување зони каде можат да се отвораат бесцарински продавници. Сите стопански субјекти, заинтересирани и регистрирани за надворешно-трговски промет а ги исполнуваат условите што ќе ги пропише законот, ако го прифатиме и условите од Сојузниот закон гато можат да отвораат слободни царински продавници, да им дозволиме во Крушево да го материјализираат тоа свое право или економски интерес таму да отворат продавници. Преку тие системски закони, преку тој системски закон да овозможиме Крушево да биде бесцаринска зона. Не како пренесено право на Републиката,туку како можност на сите стопански субјекти да го материјализираат тоа економско право.

Во таа смисла треба да се однесува тој предлог за покренување иницијатива за утврдување на Крушево како место каде можат да се отвораат бесцарински продавници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да не исклизмеме во расправата по една друга материја Таа што сега почнавме да ја работиме треба да ја претресе Владата и да даде овде аргументирана основа за Владата. Инаку, ќе расправаме за нешто друго.

Според заклучокот што сакам да го предложам и да го ставам на гласање,Владата треба да расветли кои се условите и критериумите Таа мора да утврди дали врз основа на постојниот сојузен закон ќе преземеме одредби или ќе направиме нови. Тоа е друга работа. Тоа го оставаме на Владата и тоа нејзе и припаѓа.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието ја задолжува Владата на РМ врз основа на условите и критериумите за прогласување на одделни подрачја за слободни и бесцарински зони да ја проучи поднесената иницијатива и доколку цени дека се исполнети законските услови на Собранието да му поднесе предлог за донесување на закон.

2. Овој заклучок, заедно со извештаите на ЗПК и Комисијата за општествено- политички систем да се достават до Владата на РМ.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (55)

Има ли некој против? (1).

Има ли воздржани? (9)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Минуваме на **точката 6** - Предлог на одлука за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1992 година.

Предлогот на одлуката и извештајот на Комисијата за образование, наука и култура ви се доставени односно поделени.

Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК одржаа седница во паузата.

Го молам известителот на Комисијата за финансирање и буџет да земе збор.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Комисијата во паузата го разгледа Предлогот за времено финансирање за првите три месеци од 1992 година и имајќи го предвид искажувањето на министерот за финансии дека Нацртот на буџетот за 1992 година поминал на Владата и дека оваа одлука сигурно многу кратко време ќе трае ја прифати така како што е предвидена со тоа што сигурно на наредната седница веќе ќе го имаме Нацртот на буџетот за 1992 година

**СТОЈАН АНДОВ:**

Извештајот на ЗПК ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката ја ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (74)

Има ли некој против?

Има ли воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за привремено финансирање на функциите на РМ во 1992 година.

Минуваме на **точката 7** - <u>Предлог на одлука за стапката на придонесот од личниот доход за пензиско- инвалидско осигурување од 1 декември 1991 година.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика Комисијата за стопанство и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Го молам известителот на Комисијата за финансирање и буџет , да го изнесе ставот на Комисијата.

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Комисијата за финансирање и буџет ја разгледа Одлуката за стапките на придонесот од личен доход за пензиско и инвалидско осигурување од 1 декември 1991 година, и ја потврди одлуката онака како што беше доставена од предлагачот. Инаку должна сум да кажам дека пред Комисијата имаше повеќе амандмани како што беше амандманот на пратеникот Симеон Ивановски, со кој што амандман се предлагаше да стапката за пензиско и инвалидско осигурување биде пресметана на нето личниот доход. Комисијата респректирајќи го Предлогот од пратеникот Симеон Ивановски и сметајќи дека сигурно е во ред еден таков предлог, но имајќи го во предвид дека системот на финансирањето кај стапките кај постојното финансирање кај другите дејности се пресметува на бруто личниот доход и дека ако со прифаќањето на амандманот би дошло на некој начин распад во системот на финансирањето и сите дејности, го укажа на пратеникот Симеон Ивановски кој што после долга расправа на Комисијата ние расправавме, морам да кажам цел ден, се согласи да го повлече амандманот со тоа што Комисијата заедe донесе еден работен заклучок кој што го прифати и Комисијата за труд и социјална политика, кој што гласи:

“Се задолжува Владата на Република Македонија во рок од три месеци да го преиспита пресметковниот систем во Републиката и да изготви елаборат за ефектите од преминувањето од бруто на нето основици за пресметување на сите даноци и придонеси врз база на кој работен заклучоци. Потоа Собранието ќе одлучи дали системски ќе го менуваме финансирањето и плаќањето на придонесите од бруто основици на нето основици или ќе останеме на онаа што ни е постојното регулирање во законската регулатива кај сите корисници кои што имаат основица бруто личен доход.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?
Господин Арсовски

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство Сакам да ве потсетам дека овој Парламент, односно Собрание на Република Македонија во текот на 1991 година, поточно од неговото конституирање расправаше на неколку седници по одредени прашања сврзани за системот и проблемите на пензиско- инвалидско осигурување на Македонија. Така на една од седниците расправавме по Извештајот на Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување како и Информација за материјално-финансиската состојба во Заедницата а исто така расправавме и по Анализата и Информацијата за актуелните состојби и мерки за обезбедуваше средства за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување до крајот ан 1991 година, со Предлог- мерки за надминување на лошата состојба во оваа сфера.

Како резултат на конструктивната и објективна и аргументирана расправа на седницата на Комисијата за труд и социјална политика и на ова Собрание на Република Македонија, беа утврдени одредени констатации и предлог на заклучоци кои беа доставени до Владата со единствена цел да се разгледаат и постапи по истите.

Една од констатациите беше дека бројот на пензионерите во последните две години енормно се зголемува со стапка од 12% месечно што го нарушува односот помеѓу активниот осигуреник и лице корисник на пензија кој однос е веќе 3:1 и ги нарушува сите односи во севкупниот систем на ПИО, а посебно кога се работи за обезбедување на материјални средства за редовно исплатување на пензии и негово тековно усогласување со инфлаторните движења.

Втора констатација беше дека утврдената и лимитирана односно димензинирана стапка од 16,5% не претставува доволна основа да ги следи пензиските потреби и како резултат на најниската стапка во Југославија и пошироко, финансиската положба е таква каква што ја имаме денеска.

Инаку, да спомнам дека стапката на придонес за ПИО во Југославија просечно изнесува 22,28%, во БиХ 19,4%, во Словенија 23,1% итн.,, а во Македонија 16,5%.

Посебно е за одбележување што структурата на пензионерите е многу лоша од причини што 31% од вкупниот број се со пензија пониска од 3000 динари, а преку 50% со пензија под 5000 динари, при што е нарушен принципот на економска и социјална сигурност кај овие пензионери што објективно не се виновни за ваквата социјална положба во која се наоѓаат.

На крајот, е констатирано дека вкупната загуба од 1361 милион динари која е забележана во оваа сфера, барем во овој миг на нарушени економски услови не ќе може до крај да се санира со исклучок на оние најнеопходни од 401 милион што треба да бидат обезбедени од државата, односно од редовната стапка 16,5 и онаа што сега бараме да се зголеми односно што предлага Владата 1,5, односно 18% за декември 1991 година.

Како резултат на севкупната положба во оваа сфера Комисијата за труд и социјална политика го поддржа мислењето на Владата стапката да се зголеми од 16,5% на 18%, но со обврска и понатаму . да се прават усилби за изнаоѓање трајно решение во ПИО од материјален аспект.

Во таа смисла му предлагам на Собранието да Извештајот на Комисијата за труд и социјална политика за промена на стапката од 16,5 на 18% од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Симеон Ивановски поднесе амандмани на членовите 1,2 и 3, а пратеникот Иван Иванов поднесе амандман на член 1. Претставникот на предлагачот не се согласи со овие амандмани. После долга расправа во Комисијата претседателот на Комисијата госпоѓа Стојанова не извести дека со предлог на работен заклучок и господинот Симеон Ивановски е задоволен на тој начин може да се премости потребата за расправа по неговите амандмани и тој ги повлекува под услов да се расправа по тој работен заклучок. Тој работен заклучок ни го предлага Комисијата.

Согласно одредбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието треба да води претрес по амандманот на Иван Иванов, кој го поднел амандманот, не му е прифатен, ама тој не е тука. Дали го повлече амандманот Иван Иванов.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (од место)

Го повлече.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Пратеникот Иван Иванов не го повлече амандманот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Штом не е тука, нема предлагач.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Но, амандман има, нема предлагач. Тој не може да даде дополнително образложение, ако луѓето немаат доволно податоци финансиски и други за да гласаат. Меѓутоа, амандманот е во постапка, а ако нема доволно образложение. луѓето ќе гласаат така како ќе се определат да гласаат, не може на друг начин.

Затоа, треба да се води претрес по амандманот на пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на пратеникот Иван Иванов во член 1 текстот и први декември 1991 година се заменува со и1 јануари 1992 година, а бројката и18и се заменува со и17и. Тоа е амандманот.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Комисијата за финансирање го одби овој амандман, а еве од кои причини. Во амандманот на Иван Иванов се предлага стапката наместо 18 колку што ја предлага предлагачот да биде 17, а ние како Собрание кога ја разгледувавме Анализата за состојбата во пензиското и инвалидското осигурување во Предлог- мерките меѓу другото ја усвоивме предлог-мерката стапката за пензиско и инвалидско осигурување да биде 18%. Од тоа тргнуваше Комисијата бидејќи имаше целосна согласност на Собранието да се одбие тој дел од амандманот.

Исто така, Комисијата го одби и другиот дел од амандманот во кој што стои дека оваа стапка треба да се пресметува од 1 јануари 1992 година, тргнувајќи исто така од заклучокот на Собранието каде што тогаш беше заклучено поради тешките состојби во пензиското и инвалидското осигурување и поради тоа што многу тешко се обезбедуваат финансиски средства за исплата на пензиите, час поскоро треба да се донесе одлуката и да важи од 1 декември.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на пратеникот Иван Иванов и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници креваат рака).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Преминуваме на претрес по текстот на Предлогот на одлуката,

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (66 пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 декември 19 91 година.

По повод донесувањето на Одлуката за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 декември 1991 година, Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за финансирање и буџет му предлагаат на Собранието да го усвои следниот работен заклучок

1. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија во рок од 3 месеци да го преиспита пресметковниот систем во Републиката и да подготви елаборат за ефектите од применувањето на бруто и нето основицата за пресметување на сите даноци и придонеси. s

2. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (75 пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека предложениот работен заклучок е усвоен.

Преминуваме на **8 точка** - Предлог на одлука за стапките на придонесот на пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 декември 1991 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на Законодавно- правната комисија, Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за стопанство ви се доставени, односно поделени.

Комисијата за финансирање и буџет одржа седница во паузата.

Го молам известителот на Комисијата да го изнесе ставот на Комисијата по Предлогот на одлуката.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Комисијата ја разгледа и оваа одлука и ја прифати онака како што е предложена од предлагачот, со тоа што имаше амандмани од господинот Симеон Ивановски кој заедно со амандманите кај придонесот за пензиско и инвалидско осигурување ги повлече овие амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес, молам кој бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам да ве известам дека Комисијата за труд и социјална политика по однос на одлуката и амандманите на Симеон Ивановски донесе свој работен заклучок. Меѓутоа, заради тоа што амандманите од Симеон Ивановски се повлекуваат автоматски и работниот заклучок Комисијата го повлекува, а остануваме на првиот дел во кој ја прифаќаме Одлуката поднесена од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака. (77 пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 декември 1991 година.

Преминуваме на **9 точка** - <u>Предлог на одлука за стапките и основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување во Македонија.</u>

Одлуката и извештаите на Законодавно- правната комисија и Комисијата за здравство ви се поделени.

Отворам претрес.

Комисијата за здравство поднесе амандман на член 12 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Славјанка Стојанова поднесе амандман на членот 8, амандман за бришење на ставот 2 на членот 8.

Овие амандмани ги прифати Комисијата за финансирање и буџет, а Комисијата за здравство не ги прифати.

Бидејќи претставникот на предлагачот не ги прифати поднесените амандмани од пратеникот Славјанка Стојанова, отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Славјанка Стојанова.

Молам, кој бара збор?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот 1 што го поднесов гласи: и на земјоделците на кои земјоделството им е единствено занимање да плаќаат стапка за здравствено осигурување во висина од 15% наместо предложената стапка од предлагачот 20% на катастарскиот доходи. Значи, мојот предлог е да се намали стапката која ја плаќаат земјоделците на кои земјоделството им е единствено занимање за 5%.

Зошто го поднесов овој амандман.

Како прво, заради тоа што во членот 8 се изедначуваат земјоделците со работниците во обврските што сигурно сите ќе се согласите дека е добра работа и дека тие треба да имаат исти обврски, но кога сме веќе кај обврските сметам дека земјоделците исто така треба да се изедначат со сите права од Законот за здравствено осигурување, кои ги имаат работниците. Тоа не е направено во Законот за здравство. Еве зошто:

земјоделецот нема право на надоместок на личен доход на пример за боледување. Досега ниеден земјоделец не отишол на боледување за кое е платен ниту сега со законот е предвидено земјоделците поради спреченост или поради болест да одат на работа за кое нешто ќе примаат боледуваше како што примаат сите работници.

Понатаму, во новиот закон за здравство не е предвидено поради привремена спреченост на земјоделецот да му се исплатува исто така и боледување поради болест или повреда на работа, како и медицинско испитување. Не е предвидено да му се плаќа надомест и не му се исплатува надомест при нега на болно дете до 3 години, не му се исплатува надомест поради негување на член од семејството над 3 годишна возраст до 30 дена и слично. Сите овие права што ги имаат работниците ги немаат земјоделците кај право на надомест. Ако е така, јас се прашувам како можеме да ги изедначуваме земјоделците во обврските.

Еве, исто така, ќе ви кажам дека на земјоделецот му се исплатува надомест само ако даде доброволно крв, ткиво или орган и поради изолираност заради спречување на заразна болест. Од тоа се гледа дека земјоделецот не е во иста положба со другите осигуреници на здравствено осигурување, бидејќи ги нема сите права на надомест од личен доход, а сега се сака да се изедначи со обврските и тоа и во правата за надомест кои не се предвидени со новиот закон за здравство.

Поттик исто. така да ги дадам овие амандмани се и дискусиите што ние ги имавме на претходната седница кога зборувавме за состојбите во земјоделството. Тогаш скоро сите се согласивме дека земјоделството е во

тешка состојба и дека треба да се преземат мерки за да застане на здрави нозе, па еве една прилика на сите и за тоа се залагаме да ги поддржиме овие амандмани и да дадеме еден мал придонес за олеснување на обврските на земјоделците.

Инаку, ако ми дозволите понатаму, во амандманот 2 предвидувам да се брише ставот 2 на членот 8 бидејќи пред се тој не е во согласност со Законот за здравство. Имено, тој е спротивен со Законот за здравство што не би требало да си го дозволи предлагачот на Законот.

Во вториот став од овој член се предлага фактички земјоделецот да плаќа уште еден вид придонес кој е доста поголем и да го плаќа во апсолутен износ до висината на придонесот што осигуреникот работник го плаќа над она што се плаќа на катастарскиот доход. Тоа стои во одлуката, а ако ми дозволите да кажам во Законот така не стои. Законот го донесе ова Собрание и во Законот стои дека треба да биде основа почитување на законот и во одлуката, бидејќи одлуката не може да биде со појака сила од Законот. Имено, во Законот стои дека таа разлика ќе се плаќа по одреден надоместок на член на семејство таканаречена главарина која и до сега се плаќаше. Ако зацртавме во Законот и тоа е во членот 66 дека ќе има главарина, ние не можеме да предлагаме во одлуката дека земјоделците треба да плаќаат разлика меѓу она што го плаќаат работниците.

Мислам дека предлагачот на оваа одлука во член 8 став 2 требало обврската да ја утврди како што стои во плен 66 став 2 и дел од средствата на придонесот за земјоделците да го утврди по член на семејство а не онака како што е утврден во став 2 од членот 8. Затоа, предлагам во мојот втор амандман да се брише став 2 на член 8.

Инаку ако ми дозволите бидејќи претседателот набргу помина од расправа на амандмани, сакам да го повикам министерот за здравство за едно појаснување во делот на тоа врз основа на која одлука за висината на стапките во здравството кои еве денес ги донесуваме подрачните единици на Министерството за здравство ги донесоа решенијата како аконтации за 1992 година без да имаат утврдена стапка од страна на надлежното тело, Собранието на Република Македонија.

Мислам дека премногу си дозволило Министерството за здравство да постапи на еден ваков начин, иако ги респектирам проблемите кои стојат во здравството и кои ги имаат и здравствените работници и лекарите и болните. Сега сепак мислам во една правна држава за која сите се залагаме треба обврските да се плаќаат онака како што е пропишано со Законот за здравство, а таму стои дека стапките за здравство ќе ги донесува Собранието на Република Македонија и врз база на тие стапки Министерството за здравство може да донесува решенија со кои ќе ги оданочува таканаречената групација и занаетчии бидејќи тоа произлегува од обврските и правата што му ги даде ова Собрание да ја спроведува политиката на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да објаснам, има три дела од излагањето на госпоѓата Стојанова сега. Едниот се однесува на нејзиниот прв амандман вториот дел се однесува. на нејзиниот втор амандман и третиот дел од нејзиното учество во расправата се однесува на една практика која се јавила по повод одлуката, на што ќе дојдеме после и потоа министерот ќе каже. Сега сме ние само на првиот амандман и само тоа го претресуваме. Не ќе има

потреба после госпоѓа Стојанова да се јавува за вториот амандман и по одлуката воопшто да каже, но сега другите што ќе земат учество во дискусијата да знаат дека сме на првиот амандман на госпоѓа Стојанова.

Молам, кој бара збор?

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:**

При донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за републичките даноци на граѓаните катастарскиот доход го зголемивме за 13,4 пати посто до 16 пати.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ**: (Продолжение)

... мислам дека тоа беше на 13-та седница наша и тогаш донесовме работен заклучок за преиспитување на Законот за одредување на катастарскиот приход. Но до денеска тоа не е сторено. Сега се предлага во член 8 во одлуката за стапките и основиците за пресметување на плаќање на придонесите за здравствено осигурување стапката на придонесот за задолжително осигурување од земјоделството изнесува 20 посто. Од остварениот личен доход, односно катастарскиот приход. Си поставувам прашање, ако во 1992 година, го зголемиме катастарскиот приход повторно за 13 или 15 пати можеби 30 пати, тогаш кај би се нашле земјоделците? И заради тоа во целост го поддржувам амандманот на Славјанка Стојанова во тој член да барем има малку резерва да остане стапката 15 посто. Да не должам, според услугите што ги користат земјоделците. Знаеме дека здравствените установи се во центрите, односно во градовите. А нивите на земјоделците се оддалечени и према тоа земјоделците за нивното здравствено лекување покрај тоа што не се израмнети со работничкото осигурување туку имаат и додатни додатоци. Еден ден треба да оди на лекар, другиот ден треба да оди за резултат, третиот ден треба да оди по лекови, а знаеме какви се патните трошкови. и за тоа сметам дека би било ред овој амандман на Славјанка Стојанова усвои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Госпоѓица Јумлеровска.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЛЕРОВСКА: .**

Почитувани пратеници, посебно го респектирам излагањето кое што овде беше дадено особено од подносителот на амандманот госпоѓа Стојанова, меѓутоа, се она што го рековме за земјоделците останува од

претходната седница. Ние имавме една цела седница посветена за тоа. Тоа се категорија на луѓе навистина можеби обесправени по многу области, па дури и во оваа област. Меѓутоа, јас ќе тргнам од тоа дека ако оваа држава сака да води организирана сметка за земјоделците и воопшто за земјоделството, не знам дали за тоа треба да почне од здравството. Заради тоа што велиме ќе го развиваме земјоделството, а државата, односно Владата ниту во еден сегмент не рече дека оваа година ќе бидат ослободени од сите порески олеснувања, ќе имаат во сите сфери на општествените дејности и воопшто ќе бидат ослободени од порез, само ако го третираат развојот и ќе произведуваат храна која ќе биде доволна за Македонија. Ние донесовме еден закон за здравствено осигурување, прв од групата на системски закони со големи тешкотии реков во врска со усогласување, наоѓање модели кои што ќе одговараат овде и рековме дека хуманоста во здравството нема да се сфати како бесплатно лечење на поедини категории, туку само ќе се сфати ако јас имам повисок личен доход, а некој има понизок личен доход да јас издвојувам повеќе од мојот личен доход за сметка на оној кој што има понизок, со цел да имаме исто здравствено осигурување односно да бидеме, кога ќе бидеме болни еднакво третирани. Тоа сигурно не значи да сега тргнувајќи по таа логика која што w досега ја имавме и рековме дека ќе имаме хумано здравство, ќе ги ослободиме, односно ќе ја намалиме стапката на земјоделците па после тоа ќе се јават рударите, борците, невработените, социјалните случаеви и ред друга категорија на луѓе кои што досега ама не плаќаа ама баш ништо, а користеа иста здравствена услуга како и останатите односно како и работниците. Така да се вршеше прелевање од сметка на здравствената заштита на работниците за сметка на здравствената заштита на земјоделците и на сите оние повластени категории на луѓе кои што не плаќаа ништо а добиваа здравствена услуга.

Само ќе наведам еден прост пример кој што е направен со некаква финансиска рачуница од економисти кои велат дека земјоделците и досега плаќаа 121 динар месечно на осигуреник, односно 1452 динари за една година, а ќе наведам една рачуница исто така направена од стручњаците за економија во здравство, во кој што еден обичен сируп минимална цена му е 500 динари, а да не зборувам за цена на други лекарства кои што се многу повисоки од оваа понудената. Според тоа јас велам дека она што беше овде предложено, можеби држи кога н^е би воделе една организирана сметка за земјоделството, односно кога Владата ќе понудам една програма во која што- земјоделците ќе бидат категории на луѓе кои што се повластени во сите сфери. Меѓутоа, ако сакаме да видиме како овој модел на национално здравство ќе може да фигурира во кој што велиме дека бараме стапка на придонес вкупна 8,61 односно 8,6, кое е далеку пониска од она што е гарантирана светска, односно некаде која изнесува од 120 долари по жител, а кај нас веќе со оваа рачуница е 47 и многу пониска во долари по ж**тел, тогаш дали можеме да обезбедиме комплетна здравствена услуга како што имаат и сите други да кажам нормални луѓе во светот, при вакви услови. Па дајте овој модел на здравство кшто веќе го усвоивме прифатиме онака како што е предложено, да видиме какви резултати ќе даде, па дури тогаш да го критикуваме и предлагаме намалување или зголемување. .Јас реков ја респектирам дискусијата на претходните пратеници и сигурно дека тоа е така, меѓутоа, во една ситуација кај што Владата ќе понуди организирана заштита на сите. Вака ако одиме по сегменти сигурно ќе се јават и други категории на луѓе во иста иди слична или полоша состојба, и тоа ќе не одведе во еден друг колосек во кој што ќе бидеме изедначени во правата и ;обврските сите, меѓутоа, едни ќе плаќаат многу повеќе, ;а други ќе плаќаат малку, а здравството ќе биде онакво какво е, односно многу, лошо и во колапс.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор?

Господин Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа изгледа дека во некои работи не се сложуваме. Иако на почитуваните пратеници што станаа претходно во некои дискусии не се слагам, конкретно со Гулистана Јумлеровска мислам дека она образложение што го даде Славјанка е доста добро, и станува збор за една специфична категорија луѓе, тоа се земјоделци, прв пат во Македонија тие добиваат пензиско и социјално осигурување, меѓутоа, со оглед на состојбите какви што се мислам дека ова е една мала утеха и оној процент што го предложи Славјанка треба сите да го прифатиме. Без разлика на тоа што некои други мислат дека навистина здравството треба да се организира сосем по други основи и да биде доста реално, меѓутоа, ние во вакви услови не можеме да бидеме реални до крај, но затоа за почеток би требало со оглед на оние аргументи што ги изнесе Стојанка да ја поддржиме оваа иницијатива и она од 15 посто да го прифатиме. Посебно апелирам до сите вас, да гласаме за овој предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, уште кој бара збор?

Господинот Ќелешов.

Значи амандманот е уште во расправа.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитувани. пратеници, со секоја почит кон излагањето на госпоѓа Славјанка и нејзината грижа и образложение околу економската позиција, стандардот, нивото на користење на здравствена заштита на земјоделецот и другите излагања во таа смисла кои што ни ја соопштија состојбата на земјоделецот, неговиот стандард, неговата ниска позиција во експлоатација

на здравствените стандарди, заради лоши комуникации, заради лоша редистрибуција на здравствена мрежа итн. Тоа го респектирам апсолутно, меѓутоа, сакам да кажам дека е демагогија растеретување на земјоделецот со намалување на стапка. А , уште поголема демагогија е борба за неговата ревалоризација на стандардот негов мислам, преку намалување на стапка,од 5 посто од вкупни 2 0 предложени со кои што ние ќе го подобриме нивото на земјоделецот како социолошка, како категорија на корисник на здравствена услуга. И на крајот само сакам да кажам или да потсетам на една од моите дискусии од можеби повеќе од три-четири месеци, тешко на тоа здравство кое што ќе базира на стапки кои што се извонредно средство преку кое што ќе сакаме да заштитиме секој категоријата на која што и припаѓа, односно ќе го повторам зборот тешко на здравството кое што сеуште има третман на посинок од таканаречено производство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Фаик Абди, за амандманот на госпоѓа Стојанова

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека непопуларно е да се зборува против она што го предлагаше госпоѓата Славјанка. Како да некој не сака да го заштити земјоделството и работниците,во земјоделството. Меѓутоа, исто така е многу непопуларно да се спроведува стандардот и воопшто примањата , доходот на еден што се занимава со селско- стопански производ w работниците да ги изедначиме. Многу тешка споредба правиме Имаме работници кои што се тука во понор, главата долу. Дали има земјоделци такви? Нека ми простат земјоделците.

Мислам дека разликата е во обратен смисол. Се слагам да овозможиме на луѓето што се на село, онаа миграција село- град, да се створат сите услови на село за да останат таму, да има перфектно производство, да има храна. Секако споредбата со работниците по фабриките, немојте такви споредби, па ете сум за тоа да се помогне но не на овој начин. И веројатно нешто фондови, она што станаа двајцата доктори да зборуваат овде, мислам дека во право се. Од каде средства за елементација на тие трошкови во здравството. Јас сум за тоа да остане како што е предлогот.

**СТОЈАН ЗБОР:**

Дали уште некој бара збор од пратениците? (не.)

Господинот министер за здравство, Колевски.

**ПЕРКО КОЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Секако дека стојат овие укажувања на пратеникот Славјанка Стојанова и овде други што ги изнесовте, гледано од страна на процентм искажано. Меѓутоа, работите треба да ги погледаме во апсолутни вредности на динарски износ. Од таа страна ако погледаме овие работи не стојат. И од тие причини овој амандман предлагачот не можеше да го прифати. Реално кажано придонесите за здравство после она 10 пати зголемување на катастарскиот приход во минатиот период што беше направено, кај грото земјоделци се движат меѓу 1000 и 2000 динари. Со оваа стапка вака рачунато 20 посто. Не знам јас кој може да обезбеди реално здравствена заштита годишно по осигуреник од 1000 и 2000 динари за семејство каде што секој осигуреник носи со себе плус четворица по законот. Да не ви кажувам дека е тоа можеби една апула употребена еднаш таа вредност.

И тие беа основните причини заради кои што се предлага да се задржи и ова 20 посто кои ги дава овие 1000-2000 динари. Јас не знам дали ако биде 30 пати зголемен во идната година катастарскиот приход, тогаш можеме да дискутираме ако се дојде во таква ситуација да се земат премногу пари од земјоделците и слично за здравственото осигурување. Меѓутоа, ќе се постава во прашање реалната здравствена заштита онаа која што ја пружаме особено основната здравствена заштита каде што се рамноправни сите. И ако се израчуна овде беа кажани точно по сите општини може да се израчуна, ви кажувам апсолутните износи на овде суми се да се изразам послободно така и смешни. Тие не можат? да гарантираат никаква здравствена заштита и тоа беше основната причина заради која што и она 5 посто не можеше да се постигне согласност да се намали. Значи со 20 посто се постигнуваат овие суми сега што Ви ги кажувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Морам да го демантирам министерот за здравство, а еве од кој причини. Ние пр недефинирана даночна политика за 1992 година ја донесуваме одлуката за здравствено осигурување за 1992 година. Ако тоа го правиме тогаш не може министерот да кажува бројки за катастарски доход кој што важат сега за 1991 година, а ние утврдуваме стапки за 1992 година со одреден катастарски доход кој што сигурно нема да биде на нивото што го имаме сега. Ние ланската година имавме зголемување на катастарскиот доход и тука морам да го коригирам за 13,7 пати. Не знам колку ќе биде сега зголемување можеби многу помалку ќе биде, но сигурно

нема да биде оние основици од 121 динар што сега министерот ги кажа. Тргнувајќи од тоа сметам дека обврските за плаќаше на здравствено осигурување од страна на земјоделците на кои што земјоделството им е единствено занимање, ќе бидат доста поголеми.

И затоа уште еднаш Ве повикувам да гласате за амандманот што го предложив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали уште некој бара збор по амандманот? (Не) .

Бидејќи не бара никој збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(57 пратеници)

Дали некој гласа против? (10 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање?(4 пратеници)

Констатирам дека амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Славјанка Стојанова е усвоен.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеникот Славјанка Стојанова за бришење на став 2 на член 8.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Образложение е дадено.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (49)

Дали има некој против? (9)

Дали некој се воздржува од гласање? (10)

Според тоа, констатирам дека амандманот за бришење на став 2 на член 8 од пратеникот Славјанка Стојанова е усвоен.

Пратеникот Петар Георгиев ги повлече сите амандмани.

Овде е поделен амандман на седницата од пратеникот Панчо Минов.

Молам да го образложите.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Со овој амандман фактички се предлага од моја страна измена на членот 10 од Предлог на одлуката кој ја регулира формата на дополнително задолжително осигурување за неземјоделците осигуреници од аспект на здравствен придонес. Се работи за категоријата граѓани кои земјоделската дејност ја вршат како дополнително занимање а кој број е во голема застапеност меѓу вршителите од земјоделска дејност. Оваа форма на дополнително зафаќање претставува еден нов намет на вршителите на земјоделска дејност. Општа е оценката и на ова Собрание дека вкупните оптоварувања по даноци и придонеси за земјоделието се преголеми. Бидејќи оваа обврска за здравствено осигурување е условена во правото на осигуреникот со факторот на ризик од повреда и болест, а инаку овие осигуреници со основот на редовното занимање веќе се опфатени со придонесот за здравствено осигурување, затоа што со примената на Законот, со наговестувањето за воведување на здравствените картони каде што ќе се утврди обемот на здравствени услуги кои паѓаат на товар на фондот за здравствена заштита, а над тој обем здравствените услуги

паѓаат на товар на осигуреникот. Сметам дека ваквиот фиксен начин на определување на овој дел како учество во средствата на фондот за здравствена заштита во ваков голем износ не е потребен и предлагам да се усвои амандманот од коефициентот 10, истиот да изнесува коефициент 2.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Минов инсистира на овој амандман?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Инсистирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали госпоѓа Славјанка Стојанова оценува дека треба да направиме прекин на седницата за да се состане Комисијата, или може овде да се изложи став на Комисијата?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Ако нешто им помогне на пратениците, ние на самата седница од пратеникот Димов имавме амандман исто на овој член, но наместо 10 се предлагаше да биде стапката 5. Комисијата расправаше и не го прифати тој амандман. Заради тоа сега не би можела да кажам од името на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, вие извлекувате еден посреден доказ дека и овој амандман за Комисијата е неприфатлив. Меѓутоа, таа ни изложи доказ во кој за истата материја, само поинаква квантификација Комисијата веќе расправала и зазела став. Тој став го илустрира овде и дека може да биде исходиште на ставот на Комисијата. Ако некој од членовите на Комисијата кои се присутни овде имаат забелешка на ваквото толкување од госпоѓа Стојанова треба да станат и да кажат. Оние кои не се членови на Комисијата можат да одат во општа расправа по амандманот.

Отворам претрес по амандманот на пратеникот Панче Минов.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам во досегашниот систем на финансирање на здравствената заштита многу беше лесно во услови кога 80 до 90% од средствата ги покриваше материјалната база која што можеше да задржи еден ваков систем на здравствена заштита како што е. Изгледа и оттука ги повлекуваме и овие потези дека и понатаму здравствената заштита може да опстојува во едни вакви услови. Јас мислам дека навистина е тешко за вкупната материјална база и вкупната репродукција и земјоделството и стопанството е тешко вакви зафаќања. Меѓутоа, не може поинаку да се сфати здравството, а не како фундаментален сегмент на вкупната општествена репродукција на едно население. Се додека не сфатиме дека здравството претставува заедно со школството основа на која ќе градиме здрав човек и утре тој треба да произведува, поинаку не може да се сфати. Мислам дека не треба овде да лечиме некои комплекси и да кажуваме за здравството. Ние правиме еден систем со реална загуба од еден милион и петстотини. Ние дури и да се 'откажеме ако треба од лични доходи за извесен период, ние не можеме да ги покриеме со овие средства реалните материјални потреби што се потребни за една нормална здравствена заштита што се дава. За секоја дополнителна дејност треба и дополнителни давачки. Мислам дека на овој начин, на некој начин ние како да немаме слух за здравствената заштита дека и таа треба да си го најде своето место. Можеби најдобро би било во овие услови и ваквиот закон е предложен некаде до 30.06., барем да добиеме реална слика дали ќе можеме да ги покриеме нашите реални потреби што се за здравствена заштита. Инаку јас мислам дека е реално во

нови продукциони односи да се создаде таков однос да се признае пазарна цена на услугата на медицинските услуги. Но, со оглед на тоа што немаме создадено таков механизам ние мораме да се фатиме на еден вид на договорна политика. Јас мислам дека на сите ни е јасно дека и во моментов финансира Републиката за обавување на оваа дејност. Човекот е нежен како стакло тогаш кога ќе се разболи, но изгледа ние забораваме на тие моменти. Затоа мислам дека вака го еродираме целиот систем на здравствена заштита. А тоа не е добро, не му правиме услуга ниту на земјоделецот ниту на оној кој дополнително кој се занимава со земјоделие, ниту на работникот ако ние нарушиме еден цел систем. Тој мора да опстојува. Јас мислам дека тој е нужен и не треба вака да настапуваме дека овој сегмент од општествената репродукција има некои бенефиции. Не користи никакви бенефиции. Вие знаете колкави се и личните доходи. Денеска штрајкуваат во Медицинскиот центар од Битола. Јас сум категорички против амандманот.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство дами и господа на образложението за стапките на здравственото осигурување би обрнал внимание само на последната страница каде што се сумирани средствата кои што би требало да се обезбедат за 1992 година. Тука стои,јасно кажано потребни средства за здравствено осигурување под број еден за здравствена заштита изнесува шест милијарди и 200 милиони динари. За надоместоци за личен доход, боледувања 870 милиони динари и за други намени околу 330 милиони динари, или вкупно 7 милијарди и 400 милиони денари. Меѓутоа, има уште една ставка каде што вели: Недостиг на средства за 1992 година ќе бидат една милијарда петсто и дваесет милиони динари. Значи со една цифра која што е 1 прилично голема, која што е скоро за 2,5 пати зголемена

од загубите  за 1991 година се влегува со чисто лична загуба. Според тоа, секое едно поткусурување на овие средства кои што би требало да ги доведеме, со тоа здравството ќе го ставиме во една положба средствата за загуба да бидат уште поголеми. Тогаш нека повели некој друг, дали Владата, државата итн. ќе ги надомести за ова здравство. Според тоа пазарење кога кажуваме дека одиме со една загуба во здравството, да ја зголемуваме на еден ваков начин, мислам дека тоа не е пристојно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи не сте за амандманот.?

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Според тоа, останувам на член 10 од основното решение.

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Амандманот се однесува на член 10 каде се предвидува 10% зголемување дополнително задолжување практично на сопствениците на земјиште. Господа пратеници, ова е нов данок. Дали е тоа земјоделец, или било кој да има земјиште на него штом не му е главно занимање земјоделие, а има земјиште покрај сите други задолженија добиваат ново задолжение 10%. Јас не сум тој кој не треба да се плаќа на здравството. Народот кажал дека нема ништо поскапо од здравјето. Меѓутоа, да не направиме да плаќаме заштита на здравјето, да доведеме повеќе болни. Луѓето дали ќе можат да опстанат и да го платат ова. И никој да не се занесува овде дека ќе направиме загуби. Па суштината е во тоа да работиме без загуби, а не да зафаќаме, да планираме приходи по наши потреби. Затоа предлогот за амандманот на господинот Минов, јас го поддржувам стапката да не изнесува 10%. Сфатете што значи 10%. Тука се работи' за 10%.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа министерот ќе ни го објасни.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас овде не апелирам вака, или онака да гласате. Гласајте по убедување да се знае зошто се гласа, а не дали е амандман, па имаме сега против, или ќе прифаќаме предлог на Министерството. Овде се работи за тоа дали ќе треба да наметнеме намет на земјиштето за уште 10% за санирање на здравјето.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Знам дека навистина претеруваме и се надмудруваме. Овде да ви кажам само еден податок. Меѓу таквите сум и јас како лекар • кој истовремено поседува и земјиште. Според тоа, јас се согласувам. Јас незнам зошто господинот Стојановски не се согласува. Дали тој мисли за цел век да остане адвокат, или земјоделец, незнам. Со поделбата на работите во иднина или ќе се занимаваме со земјоделие или со дејностите што ни се.

**ПЕРКО КОЛЕВСКИ:**

Почитувани пратеници ова е 10% од катастарскиот приход. Пак јас овде би се осврнал. Никој не сака да прави намет, далеку до тоа. Меѓутоа, не за здравството. Јас ве молам да разберете макар што овде се работи за многу мали пари. Овде се работи за здравствената заштита ваша и на сите граѓани,не за здравството, туку за здравствената заштита. Сега колку чини во апсолутни вредности. Бројките се такви да ако предлагате не 2, напишете 0. Да се избрише тоа 10%. Ако ви кажав дека меѓу 1000 и 2000 динари е за овие 20% што носат, грото се движи во Републиката. Ова 10% е меѓу 1000 и 500 динари. Ако 2% ставите на него, тогаш не вредат и оние манипулации околу собирање на тој придонес. Меѓутоа, имаме голем број граѓани во нашата Република кои што вршат ваква дополнителна дејност и кои што вршејќи ја таа дејност доаѓаат не само до ризик туку реално

доаѓаат до разни заболувања. И ред е за тие заболувања што се трошат оние лекарства и се што треба почнувајќи од прегледи, дијагностика и т.н. да се покријат со некоја финансиска подлога. А јас ви ги кажав апсолутните бројки. Јас ве молам, процент е процент. Да ја видиме реалната бројка. За 200, или 100 динари останува да се размисли, па сега како сакате гласајте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се извинувам што после ваква расправа ќе ви одземам уште малку време. Мислам дека се работи за сериозни теми и сите сме заморени само да кажам нешто да потенцирам од целокупната расправа и ова што се водеше досега по овој предлог на одлуки. Прво, принципиелно ги поддржав амандманите на Славјанка Стојановска од принципиелните причини што исклучиво кажа и факт е дека во Законот за здравствена заштита за категоријата на исклучивите земјоделци кои не се изедначени со правата на користење на надоместоци што таа ги изнесе овде со другите категории ка работници. Во тој случај согласно принципот на еднаквост му припаѓа и помали давачки за здравствената заштита. Но, овде се работи за при амандманот на Панче Минов, се работи за спротивна категорија. Овде се работи за истовремено работници од работен однос кои попладне и во друга смена се земјоделци и кои како работници и како земјоделци поготово од повреда на работа, измореност како земјоделци ги користат правата како работници од здравствена заштита, а притоа треба да ги ослободиме од давачки за здравствена заштита. Затоа, принципиелно ќе гласам против амандманот на Панче Минов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Го заклучувам претресот и амандманот на пратеникот Панче Минов го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака.(13)

Амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претресот по Предлогот на одлуката.

Во врска со овој предлог на одлука госпоѓата Стојанова постави некои прашања што тој пред да е донесен веќе се применува. Јас така ја разбрав. Не е лошо господинот министер да објасни што е тоа. Вез основа на кој инструмент и законска основа тоа се работи.

**ПЕРКО КОЛЕВСКИ:**

Тоа е донесено аконтативно врз база на постојниот закон за здравство и мора некако да се прибираат средствата. А со донесувањето на одлука тоа ќе се усогласи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред, ова да го имаме предвид.

Дали некој бара збор?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Иако јас лично не сум задоволна од одговорот, а сигурно и вие, тогаш зошто ние ја донесовме стапката. Но, да го оставиме тоа. Предлагам еден работен заклучок кој што беше на Комисијата а тој да гласи: “Владата да го има предвид зафаќањето на земјоделците на кои земјоделството не им е единствено занимање во член 10, она што не го усвоивме сега, при утврдување на даночната политика за 1992 година и при утврдување на стапката на данокот од личен доход од земјоделска дејности. Имено, се работи за следното: досега, а стапката на земјоделците, висината на стапката на земјоделците на данокот од личен доход изнесуваше 50%. На земјоделците изнесуваше 2,5% со тоа што тие имаат да плаќаат и здравствено и пензиско осигурување. Оваа стапка од 50% требаше да ги изедначи земјоделците и неземјоделците. Таа вкупно изнесуваше колку што е здравственото, пензиското и данокот од личен доход. Сега штом го

издвоивме 10% од стапката како посебна од член 10, сметам дека при утврдување на даночната политика за 1992 година треба да се има предвид ова издвојување и утврдувањето на стапката од страна на Владата, т.е. од Министерството за финансии. Затоа, го предлагам овој работен заклучок со напомена да се испрати до Министерството за финансии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор по овој предлог на работен заклучок по повод одлуката која е на дневен ред? (никој)

Бидејќи никој не бара збор и по одлуката го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(67)

Дали некој е воздржан? (никој)

Дали некој е против? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за стапките и основиците за пресметување и плаќање на осигурениците за здравствено осигурување на Македонија.

Имам еден предлог на работен заклучок што овде го издиктирав и го образложи госпоѓа Стојанова а вие го чувте, бидејќи и за него бараше збор и претресот го заклучивме, сега го даваме на изјаснување, на гласање.

Кој е за предлог работниот заклучок да крене рака. (57)

Дали е некој против? (б)

Дали некој се воздржува од гласање. (5)

Констатирам дека Собранието го усвои работниот заклучок предложен од госпоѓа Стојанова.

Со тоа точките се исцрпени од дневниот ред.

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија во времето меѓу 27-та и 29-тата седница на Собранието достави одговори на прашањата на пратениците Евтим Манев и Тодор Петров поставени меѓу 24-та и 27-та седница на Собранието, односно на дополнителното прашање на пратеникот Фаик Абди поставено на 20-та седница на Собранието.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања.

Пратениците се изјаснија дека прашањата писмено ќе ги достават.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Молам, писмено поставете ги сите прашања.

Утре ќе закажеме седница за 6 јануари 1992 година.

Тогаш ќе бидат амандманите на усвојување и прогласување и ќе видиме што се друго има.

Молам, ова е последна седница во оваа 1991 година. Дозволете ми во името на Претседателството на Собранието да ви ја честитам новата 1992 година, а во ваше име на сите граѓани на Македонија исто така да им ја честитам новата година и да им посакам се најдобро.

Со тоа дневниот ред е исцрпен.

Ја заклучувам седницата.

Седницата заврши во 22,40 часот.